# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 2004 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници, ја отварам Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Пратениците: Рафис Алити, Коце Трајановски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Али Ахмети, Мендух Тачи и Тасим Сулејмановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата има притиснато на копчињата 63 пратеници, инаку се присутни 82 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата, поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Записниците од 50-та, 76-та и 78-та седница на Собранието на Република Македонија , ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Бидејки никој нема забелешки констатирам дека записниците од 50-та. 76-та и 78-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на

комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам претседателе,

Како што спомнавте Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на својата седница одржана на 6 октомври годинава, утврди неколку предлог одлуки за промени во персоналниот состав на три работни тела и по две парламентарни делегации за соработка со парламентите на трети земјии.

Предлог одлукитево писмен состав се доставени до колешките и колегите пратеници.

Затоа согласно член 66 од Деловникот на Собранието, оценувам дека има итна и неодложна потреба, одлуките да бидат донесени на денешната седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменвуање на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 гласале за.

Во салата се присутни 70 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменвуање на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да се разгледа на оваа седница го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеника, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Јавното претпријатие Македонска-радио телевизија предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за издвојување на Секторот за истражување на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија и Предлогот на одлуката за издвојување на одделението за дизајн на програмите на Јавното претприајтие Македонска радио-телевизија и Предлогот на одлуката за издвојување на Секторот за макетинк ја Јавното претпријатие МРТ и на оваа седница Собранието да даде согласност на одлуката за склучување договор за деловно-техничка соработка.

Го молам генералниот директот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор генералниот директор на Јавното претпријатие МРТВ, госпоѓа Гордана Стошиќ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеници, ова е процес започнат пред година ипол, Собранието разгледувајќи го Извештајот на Јавното претпријатие МРТВ за изминатата година на својата седница на почетокот на јули оваа година и не задолжи да започнеме со трансфорамцијата. Ова се одлуките кои што се резултат на тоа и ние цеиме дека е добро на оваа седница во пакет со предложените измени на Законот за основање на Јавното претпријатие МРТВ да се разгледаат и цениме дека тоа ќе придонесе за побрзо завршување на таа втора фаза од трансформацијата на ЈП МРТВ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на одлуката за издвојување на Секторот за истражување на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија , го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 59 гласале за, 1 воздржан, 6 против.

Констатирам дека предлогот  е усвоен.

Предлогот на одлуката за издвојување на одделението за дизајн на програмите на Јавното претприајтие Македонска радио-телевизија, да се разгледа на оваа седница го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 53 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни над 80 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на одлуката за издвојување на Секторот за маркетинк на Јавното претпријатие МРТВ да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 60 гласале за, нема воздржан, 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Јавното претпријатие МРТВ Собранието на оваа седница да расправа за давање согласност на одлуката за склучување договор за деловна-техничка соработка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 53 гласале за, нема воздржан, 4 против.

Во салата се присутни 82 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагачите на Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон, го повлекоа од оваа седница Предлогот на законот.

Спорет тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година;

2. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола;

3. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд Скопје И - Скопје;

4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Струга и Основниот суд Скопје И - Скопје;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

7. Предлог за избор на членови на Републичкиот судски совет;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пригодни ковани пари, со Предлог на закон;

11. Предлог на одлука за издвојување на Секторот за истражување на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија;

12. Предлог на одлука за издвојување на Одделението за дизајн на програмите на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија;

13. Предлог на одлука за издвојување на Секторот за маркетинг на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

14. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за склучување договор за деловно техничка соработка.

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на санкциите, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за прекршоците;

17. Предлог за донесување на закон за политичките партии, со Предлог на закон;

18. Предлог на закон за финансирање на политичките партии;

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот, со Предлог на закон.

21. Предлог за донесување на закон за телекомуникациите;

22.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие МРТВ, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за заштита на лични податоци.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред.

Повелете г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Предалгам, ценејки дека денеска седницата нема да заврши, бидејки обемен е дневниот ред, имаме повеќе точки на дневен ред, предлагам Владата да изготви една информација за денешната седница, ценејки дека ќе се развлече седницата за безбедноста на таксистите во Република Македонија, знајки што ни се случува дека таксистите, односно безбедноста на возачите, која ја обавуваат случајно  таксисти, гинат секојдневно, затоа што сведоци сме дека безбедноста не е на ниво за таа категорија граѓани. Ние донесовме Закон за носење на оружје, или да го промениме Законот за носење на оружје, затоа што граѓаните не се безбедни. Бидејки знаат дека носењето на оружје е забрането на јавни места, го носат само во такси службата и таксистите не се безбедни. Имаме повеќе случаи да ги убиваат, како по вестерн филмови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски вашиот предлог може да биде дискусија на оваа седница. Имате овдека писмена информација, а вашиот предлог Владата да поднесе информација ќе го пренесеме. Можете писмено да се обратите до мене јас ќе поднесам такво писмено барање за информација.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве јас усмено се обраќам до вас г-дине претседателе и вие пренесете исто така усмено, до крајот на седницата да направиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате инфорамција за тоа.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не може и вие да направите господине претседателе, информација за безбедноста на таксистите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборуваме за дневниот ред г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тоа може само институција како што е полиција или Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодариме.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Значи ќе пренесете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе пренесеме.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски вие баравте збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам претседателе,

Ако добро ве слушав, кога го читавте дневниот ред, мојот предлог е точка 22, како што ја прочитавте вие, тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање Јавно претпријатие МРТВ, со Предлог на закон, да биде повлечена од дневен ред. Тоа е мојот предлог и ќе кажам зошто. Затоа што сметам дека со она што ни се предлага со овој закон, значи со измена на овој Закон, е нешто што многу брзо доаѓа и што ние лично како пратеничка група, сметаме дека е удар врз демократијата во Република Македонија, особено на штета на опозицијата и заради тоа би сакале, барем кога едни вакви закони се носат од интерес на демократијата во Република Македонија, значи јавноста, јавното следење на работата на пратениците и така натаму, да бидеме вклучени во расправата по овие закони, пред да се достават по итна постапка, како што ова се прави.

Од тие причини предлагам овој закон да биде повлечен од дневен ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот точката 22, која што носи наслов: “ Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање Јавно претпријатие МРТВ, со Предлог на закон”, предлогот да се повлече го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеника, за предлогот гласале 23, 1 воздржан, 53 против.

Костатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеника, за предлогот гласале 63, воздржани 3, против 11.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, дали сега кога е утврден дневниот ред има некои предлози за измена на редоследот на точките на дневен ред, бидејќи тоа може да се прави. (Нема).

Бидејќи, никој нема пријавено во врска со ова прашање, констатирам дека утврдениот дневен ред и редоследот е тој по кој што ќе работиме, а службите нека го испечатат и нека го поделат.

Минуваме на точка 1 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Се извинувам што некои пратеници ги дезинформирав, ние овде имаме општ претрес.

Отворам општ претрес.

За збор се јави министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми на почетокот од излагањето да ве поздравам и да ви посакам ефикасна работа.

Денес на дневен ред го имаме Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година. Имајќи предвид дека Буџетот претставува еден од основните инструменти за спроведување на економската

политика, Владата на Република Македонија следејќи ги движењата во македонската економија, како и реализацијата на приходите и расходите на Буџетот и општо на јавната потрошувачка, оцени дека е потребно соодветно прилагодување на проектираните макроекономски агрегати за оваа година, како и на одделни делови од буџетската потрошувачка до крајот на годината. Притоа, поставените цели на фискалната политика за 2004 година и понатаму остануваат непроменети односно во целост дизајнирани во функција на одржување на макро-економската стабилност, стабилизирањето на нивото на јавниот долг во Република Македонија, особено надворешниот и тоа во меѓународно прифатливи рамки. Релаксирање на монетарната политика и намалување на каматните стапки на банките.

Постојниот буџет за оваа година беше донесен на крајот на декември 2003 година врз основа на дефинираната макро-економска рамка и очекуваните движења во економијата во тоа време. Врз основа на релативно успешната на економски план 2003 година, во која Македонија оствари реален раст на бруто домашниот производ од 3,2% и ниска стапка на просечна инфлација од 1,2%, се очекуваше продолжување на позитивните трендови и во текот на 2004 година. Од тие причин макро-економската рамка беше дизајнирана на начин кој ќе обезбеди реален пораст на бруто домашниот производ од 4%, дефицит на централниот буџет во висина од 0,9% од бруто домашниот производ. Просечна инфлација од околу 2,8% и пораст на вработеноста од 3%. Во таа насока беше поставена и фискалната политика за 2004 година, при што остварувањето на основните цели беше подржано преку следниве политики. Задржување на буџетските приходи и расходи на ниво од 22% од бруто домашниот производ во оваа година односно одржување на исто ниво на јавната потрошувачка од претходната 2003 година. Рационално трошење на буџетските средства и намалување на буџетскиот дефицит на ниво од 0,9% од бруто домашниот производ во оваа година споредбено со 2003 година кога беше отприлика на 1,1% и неспоредливо помалку од 2002 година кога достигна над 5,5% од бруто домашниот производ. Тоа значи дека дефицитот е сведен во подносливи и дури одлични рамки. И понатаму доследно и целосно реализирање на преземените обврски за социјалната и реформската компонента на буџетот.

Сепак, во текот на оваа година случувањата на полето на индустриското производство, евидентирани во почетокот на годината ги поместија првичните очекувања во спротивен правец и тоа како резултат на спроведувањто на реформите на ликвидација на загубарите во македонската економија во 2003 година.

Се покажа дека намалувањето на индустриското производство имаше силно негативно влијание врa натамошните економски движења, предизвикувајќи пад на бруто домашниот производ во првата половина од 2004 година. Сепак, битно и важно е да се потенцира дека намалувањето на економската активност е евидентирана единствено во индустрискиот сектор. Сите останати сектори во економијата забележаа пораст речиси идентичен и поголен од проектираниот, за што сведочи фактот дека без индустријата порастот на бруто домашниот производ во првата половина од 2004 година изнесува 4,1%.

Дозволете тоа да го илустрирам со конкретни податоци. Земјоделството расте со 3,06%, градежништвото со 9,0%, трговијата на големо и мало за 5,4%, угостителството и туризмот за 7,4%, сообраќајот и врските за 4,5%, финансиското посредување, услуги и импутираните станарини за 2,7%, јавната управа, одобраната, социјалната заштита, образованието, здравството за 2,2%. Како што гледате сите сектори растат со прилично сериозна динамика од околу 4,1%, па вклучувајќи до 9%.

Едновремено, извозот на стоки од Република Македонија во првата половина од годината бележи зголемување од 11,5% во долари, а инвестициите во машини и опрема во реални рамки се повисоки за дури 7,2% од минатата година. Се разбира дека тие сеуште не се на доволно ниво, меѓутоа, ова е сериозен знак за заживување на инвестициската активност.

Јавната потрошувачка е зголемена за 2,8% и тоа не како резултат на покачување на даночните стапки, туку како резултат на подобра наплата на приходите. Вие знаете дека закон за ново покачување на даноците не се донесе.

Реалните нето плати се повисоки за првите 9 месеци за дури 3,7%. Дозволете тука да направам една дигрезија за опасноста која се надвиснува над македонската економија, особено од страна на приватниот сектор. Во услови кога македонската економија бележи стапка на инфлација од 0% за првите 9 месеци, реалните плати се зголемени за 3,7% и тоа пред се во приватниот сектор, затоа што јавниот сектор знаете дека сеуште платите се на исто ниво во изминатите неколку години. Тоа значи дека сериозен дел од средствата кои остануваат во економијата како резултат на ваквата фискална политика се прелеваат во голем дел во потрошувачка во плати, а не во инвестиции.

Просечната активна каматна стапка на банките е намалена за 2,1%, споредено со крајот на 2003 година. акредитирањето на приватниот сектор од

страна на комерцијалните банки бележи експанзија од дури 20,8% во првиот квартал и понатамошни 25% во вториот квартал од оваа година. Се надевам дека овој тренд ќе остане до крајот на годината, што зборува за сериозно зголемување на активностите.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми поконкретно да ги образложам причините за изменување и дополнување на буџетот за оваа година односно да ја образложам потребата со внимателна фискална и монетарна политика да се придонесе за натамошно зацврстување на макро економската стабилност во Република Македонија. Веднаш да соопштам дека таквата стабилност ќе се одржи и сега и во иднина и покрај бројните притисоци од многу страни внатре во Република Македонија, таквиот концепт Владата на Република Македонија да го напушти. Но, тоа не е доволно. На ваквата макро економска стабилност која ќе биде трајна и на која и понатаму Владата ќе и посветува внимание, мора да додадеме и повисоко и поодржливо ниво на раст на бруто домашниот производ и намалување на вработеноста, по наше и по ваше видување секако двата основни проблеми на македонската економија. Во тој контекст дозоволете да посочам на уште еден податок. на почетокот на оваа година во Македонија имаше 393 илјади 536 невработени лица. Во овој момент односно 1 октомври, бројот на невработените е 388 илјади 902. Тоа значи дека овој тренд не очекуваме до крајот на годината драстично да се промени, што знажи дека имаме околу 5 илјади невработени лица помалку, што значи дека проблемот не почнува да се решава, меѓутоа, секако е запрен долгогодишниот раст на бројот на невработените во Македонија, кој со децении наназад беше само нагоре.

Заради тоа, Министерството за финансии и Владата на Република Македонија во овој момент интензивно работат на пакетот на економската политика во идните три години, кој ќе биде насочен повеќе кон структурни реформи, со цел да се зачува и макро економската стабилност, но и да се постигне повисоко ниво на раст. За таа политика повеќе ќе зборуваме многу брзо во овој Парламент со Предлогот на Буџетот за 2005 година и со пакетот на мерки кои ќе следат заедно со него, веројатно во рок од месец до месец и пол во рамки на законските надлежности.

Што се однесува до предложениот ребаланс за 2004 година, дел од причините за финансиските корекции на приходна и расходна страна се наоѓаат и во следново. Потреба за ревидирање на макро економските индикатори, во прв ред бруто домашниот производ и инфлација. Согласно со новите проекции на

Министерството за финансии до крајот на годината очекуваме растото на бруто домашниот производ да изнесува околу 2,6%. Додека просечната инфлација, најверојатно, ќе изнесува помеѓу 0 и 0,5%.

Понатаму, има малку отстапување на реализација на буџетските приходи и расходи во однос на нивното динамично исполнување. Буџетирањето на дополнително регистрираните расходи преку реалоцирање на реализираните заштеди на веќе буџетираните расходи и намалувањето на расходите со понизок степен на приоритет за Владата, а се надевам и за Собранието, ако се усвои ребалансот. Најголем дел од тоа е производ на закони кои се донесени во текот на оваа година во Собранието и кои веќе произведуваат соодветно дејство на расходната страна на буџетот. Тоа мора да го избалансираме до крајот на годината.

Натамошна причина е креирање на посебни буџетски раздели за одделни државни органи, со цел да се зголеми нивната независност, но и со цел поголема транспарентност и контрола во трошењето на буџетските средства. Знаете дека со буџетот обезбедуваме посебни раздели за ДИК и за Државната анти корупциска комисија, кои сега се во состав на буџетот и службите на Собранието.

Понатаму, потреба за ревидирање на одделни приходи и расходи со реалното ниво на курсот на доларот, кој е пресметковна валута во меѓународната стандардизација на споредување на показателите. И, тоа се основните причини кои ја наметнаа неопходноста од донесувањето на овој ребаланс.

Во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, вкупните приходи се планирани во износ од 56 милијарди и 294 милиони денари, што е за 1,7% помалку во однос на приходите планирани со Буџетот за 2004 година. Ваквото намалување, главно, се должи на ревидирање на даночните приходи на пониско ниво од проектираното во декември 2003 година за 2,9%. И тоа, дозволете, да објаснам по кои основи.

Прво, намалување на приходите од увозни давачки. Често во јавноста се зборува и во комисиската расправа, која за жал не можам да ја следам од објективни причини, за намалување на царинскит еприходи во Буџетот на Република Македонија, кои во изминатиот период се пониски за 2,6% во однос на Планот, пред се, како резултат на зголемениот степен на либерализација на увозот, согласно билатералните и мултилатералните договори за слободна трговија, што влијаеше на намалување на проектираната, пондерираната царинска стапка од 3,9% на 3,4%. Во прилог на ова е и фактот дека и покрај зголемениот увоз, приходите од царини се

намалуваат заради се поголемата либерализација на увозот. Дозволете тука да соопштам два податоци.

Степенот на либерализација на македонската економија која започна уште во, односно трговијата со светот, во 1996 година со првиот договор за слободна трговија, продолжува и во ниедна година не оди натаму, туку оди кон се поголема либерализација и согласно со веќе усвоените закони во овој дом во изминатите години, во 2005 година не очекува дополнителна либерализација. Затоа што, стапуваат на сила одредбите за се поголема постапна либерализација со многу договори кои ги имаме склучено.

Дозволете да го соопштам само следнот податок. Во текот на 2003 година, согласно со овие договори за слободна трговија, во Македонија се увезла стока оданочена со стапка од 0% врз основа на договори за слободна трговија во износ од 538 милиони долари. Тоа е податокот за 2003 година. За 2004 година, со оглед дека стапуваат дополнителни одредби клизно секоја година натаму, а склучуваме и нови договори, само за првите 9 месеци од 1 јануари до 3.09, вредноста на стоките која е увезена со царинска стапка од 0% е зголемен на 578 милиони. Значи, веќе имаме зголемување на увоз од 50 милиони долари за 9 месеци споредено со цела година 2003 на увоз на кој стапката на царините е нула. Можете да замислите дека до крајот на годината овие 580 милиони сигурно ќе се зголемат уште за една третина, колку што е просечното во овие 9 месеци. Тоа јасно говори дека степенот на либерализацијата на македонската трговија со светот, согласно со волјата на сите претходни парламенти и влади, оди во насока во која приходите од царините нужно и неизбежно секоја година ќе бидат се пониски, затоа што се намалува степенот на царинењето на стоките кои се увезуваат.

Дозволете тоа да го илустрирам со една визуелизација. Ова е пондерираната царинска стапка на Република Македонија од 1999 година до денес. Во 1999 година просечно била 5,7%, значи толку просечно сме наплаќале царина на увезената стока, според степенот на либерализација тогаш. Во 2000 година е 5%, во 2001 е 4,6%, во 2002 година е 3,99%, во 2003 година е 3,94%, во 2004 година е 3,4% и веќе во 2005 година, согласно со преземените обврски очекуваме да падне некаде на 2,8 до 2,9%. Ако следите како се намалуваат царинските стапки, јасно ќе биде зошто паѓаат приходите од царини. Сите други поинакви толкувања, не можат да бидат прифатливи. Тоа можеме да го докажеме уште со еден факт. Наплатата на данокот на додадена вредност при увозот, кумулативно во изминатиот период,

зборувам за 2004 година, е повисока во однос на 2003 година. Во јануари-јули 2003 година наплатениот увозен данок на додадена вредност, за кој нема клизна стапка наделе изнесува 10 милијарди, а за јануари-јули 2004 година изнесува 11,7 милијарди. Значи, наплатен е данок на додадена вредност при увозот за 1,7 милијарди повеќе во исто време кога се наплатуваат помали царини. Јасно е што се случува. Приходите се наплаќат, ДДВ тоа го покажува, меѓутоа намалувањето на апсолутниот степен на наплатените царини е резултат на се поголемата либерализација, со која ќе се соочиме и наредната година и со која ќе се соочуваат многу влади во наредните години во Република Македонија.

Согласно вaквите состојби, приходите од увозни давачки се ревидирани на ниво од 5,3 милијарди денари во 2004 година. Намалувањето на приходите по основ на данокот од добивка за околу 14% во однос на планираните со буџетот во изминатиот период од годината, овие приходи се остварени на пониско ниво во однос на планот, што е резултат на повисоко уплатените аконтации во 2003 година односно враќање на значителни износи по донесувањето на завршните сметки, како и даночните ослободувања за капитални инвестиции кои тековно се користат и согласно со стапката на инвестициите која расте, јасно е дека доаѓа до намалува односно ослободување од данокот на добивка.

Понатаму, има незначително намалување на приходите од акцизите во вредност од 1,8% во однос на планираното со буџетот. Ова е резултат на отстапување на приходите од акцизи кај тутунските преработки и кај алкохолите пијалоци, кои и покрај тоа, да потсетиме, се наплаќаат на повисоко ниво.

Минатата година во услови на зголемена потрошувачка и на цигари и на алкохолни пијалоци се предвидува дека неможе да го достигне планираното ниво кое можеби беше преамбициозно поставено. Веднаш сакам да направам една корекција во однос на тоа што се зборуваше на комисиите и во јавноста:

Акцизите во Република Македонија не се наплаќаат помалку од 2003, ниту помалку од 2002 година и подолу, туку се само помалку од тоа што сме го проектирале за 2004 година, со малку поамбициозно зголемување.

Во изминатиот период реализираните приходи од ДДВ се за 4,8% поголеми во однос на планираните, пред се како резултат на зајакнатата контрола на даночната инспекција и измените на Законот за регистрирање на готовинските плаќања односно зголемената фискализација како и за зголемениот редовен увоз.

Зголемувањето на приходите од ДДВ, во однос на планираните е од особено значење, бидејќи овој приход во структурата на даночните приходи, значи не на вкупниот буџет, само на даночните приходи, вклучувајќи ја и царината, учествува со високи 49%, што овозможи амортизирање на дел од неостварените останати даночни приходи, за кои зборував во изминатите минути. Согласно ова, кај приходите од ДДВ, со измените и дополнувањата на Буџетот се предвидува зголемување од околу 1,6% вон однос на првичните проекците од декември.

Почитувани пратеници, во Предлогот за ребаланс на Буџетот за 2004 година, вкупните расходи се утврдени во износ од 58.500.000.000 денари, или за околу 1,2 милијарди денари помалку во однос на Буџетот кој го усвоивме во декември 2003 година. Притоа треба да се има предвид дека во стрктурата на вкупните расходи, дел од нив се зголемени за сметка на оние расходи кај кои е евидентна нарушената динамика на реализација, како и кај оние кај кои се алоцирани одредени заштеди во текот на првите девет месеци.

Говорејќи за реализацијата на расходите во изминатиот период од годината, потребно е да се истакне дека тоа не резултираше со зголемување на достасаните неизмирени обврски на буџетските корисници кон надворешните лица, правни или физички. Тоа, сакам да потенцирам е одлична стартна позиција за Буџетот во 2005 година и за сите буџетски години натаму, доколку не се случи во идните години тоа да се промени. Оваа Влада и Министерството за финансии тоа нема да го дозволат.

Неизбежното зголемување на расходите до крајот на годината кај одделни намени и корисници е утврдено во изност од околу 1.353.000.000 денари. Тоа се новите расходи кои се со внатрешни поместувања во структурата, меѓу кои најважните се следниве:

Расходите за исплата на плати и надоместоци се зголемени само за 151 милион денари и тоа поради вклучување на ефектите од процесот на декомпресија на платите во висина од околу 80 милиони денари согласно Законот кој се донесе, како и два до три месеци доцнење во процесот на реформите на јавната администрација. Тоа се случи заради несреќата поради претходниот претседеател на Република Македонија и претседателските избори, кога се одложи од февруари до мај. Во вака планираниот износ треба да се потенцира дека се обезбедени и средства за имплементација на процесот на вработување на припадниците на етничките заедници во насока на остварување на уставната и законската определба

за правичната застапеност во органите на државната управа, на сите етнички заедници.

Второ, транферот во Фондот за ПИОМ е планиран на повисоко ниво, за околу 139 милиони денари заради обезбедување на редовна и навремена исплата на пензиите и нивно усогласување, согласно законските прописи.

Понатаму, трансферот до Агенцијата за вработување, заради редовната исплата на надоместоците за невработеност и за редовно рефундирање на средства, согласно правата од Законот за поттикнување на вработувањата, или популарно наречен Бранков закон, треба да се зголемат за 679 милиони денари. Значи овој закон повлекува дополнителни средства и тоа ќе го објаснам, имајќи предвид дека користењето на поволностите од овој закон за вработување беше интензивирано во текот на последните седум дена од 2003 година, последната недела од декември, а Буџетот во тоа време веќе беше проектиран, доставен и на расправа во овој Парламент и во процедура за донесување, се оневозможи тие дополнителни знатни неколку илјади нови вработувања, само во последните два-три дена, реално да бидат прикажани и утврдени во Буџетот за 2004 година, согласно потребите. Тоа со рабалансот се корегира.

Расходите за сервисирање на обврските по странското задолжување треба да се зголемата за 253 милиони денари, што се должи на вклучување на отплатите по главнината, во име на МЖ кон ПУИТ и унгарските железници. Да потсетам дека тоа се долгови кои МЖ ги направиле во периодот 1990-1995 година и кои неможат да ги исполнуваат, особено со намалување на нивните приходи, откако Рафинеријата во Скопје се продаде и почна да набавува нафта преку нафтовод, а не преку железница, а тие обврски само да бидете информирани не се исплнуваат од страна на МЖ и од 1995 до 2003 година, што значи дека во некој иден период треба да размислуваме ова претпријатие и понатаму буџетски да биде поддржувано за да не го исклучиме Македонскиот железнички транспорт од меѓународната транспортна комуникација.

Финансирањето на вака дополнително утврдени расходи е обезбедено преку намалување на одредени расходи и тоа: капиталните расходи кај кои забавената реализација, заради донесувањето на Законот за јавни набавки и зајакнатите процедури за реализирање на буџетските средства, обезбеди простор за намалување на истите за околу 800 милиони денари.

Расходите за стоки и услуги кои алоцираните заштеди од 110 милиони денари се согласно планираното ниво на дефицит, во фукција на поддршка на макроекономската стабилност, а притоа се обезбедени средства за непречено одвивање и на новите политички процеси, како што е граѓанската иницијатива за референдум, како и за финансирање на обврските со судскиот спор со Макпетрол што знаете дека се должи на спор што државата го изгуби во 2001 година.

Понатаму расходи за структурни реформи и реформи на јавната администрација кои се испланирани на пониско ниво од 500 милиони денари, како резултат на одложено решавање на претпријатијата, таканаречени загубари и делумна реализација на процесот на намалување на јавната администрација, не по пат на отпуштање, туку по пат на природен одлив и пензионирање без пополнување на тие работни места во иднина.

Понатаму, социјалните надоместоци и надоместоците за детска заштита кај кои е предвидена заштеда од околу 115 милиони денари, што е последица на зајакнатите контроли кои обезбедуваат правилна редистрибуција на овие надоместоцки кон социјално загрозените семејства и почитување на законот.

И конечно каматните плаќања кај кои со Предлог ребалансот на Буџетот за оваа година е ревидиран курсот на денарот во однос на доларот, на реалното ниво. Знаете дека тој денес варира на околу 50 денари по долар.

Овие заштеди, почитувани пратеници, сите имаат позитивно влијание врз економијата. Единствено пониската реализација на капиталните трошоци ќе има влијание на економијата, од сите овие кои ги набројав. Но, проблемот не е во тоа што тие нема да можат да се потрошат до крајот на годината, како што најчесто во јавноста погрешно се пренесува, туку проблемот е што има опасност да бидат потрошени во поголем износ во последното тромеседчиет од годината, што е веќе традиционална слабост на буџетските корисници во Република Македонија. Тоа несомнено ќе предизвика високо и непланирано вбризгување на ликвидност во економијата која ќе за загрози монетарната стабилност и ќе предизвика трошоци за стерилизација на овие средства во НБМ. Како последица на тоа и покачување на каматните стапки. Затоа Владата се реши на овој чекор. Но, едновремено Владата веќе ги лоцира слабостите за слабата реализација на капиталните трошоци и во идната година и понатаму ќе ги надминеме со предлагање на нови мерки во извршувањето на буџетот, особено во планирањето и извршувањето на капиталните

трошоци. Тие мерки веќе се креирани, ќе ги доставиме до вас во декември и ќе бидат ефикасно обезбедување на овој процес, со Законот кој ќе следи.

Со предложенииот ребаланс на Буџетот за 2004 година, врз основа на ревидираната проекција на приходите и новоутврдениот износ на расходи, се предвидува дефицитот да биде 2.207.000.000 денари, или 0,8% од бруто домашниот производ, што е за 240 милиони денари, или за 0,1 процентен поен од бруто домашниот производ, помалку во однос на проекцијата од 2004 година.

Покрај незначителното намалување на вкупниот буџетски дефицит, извршено е и ревидирање на неговата квартална дистрибуција до крајот на годината, со цел да се избалансира со проекциите на монетарните движења и да се обезбедат стабилни макро економски услови, во оваа и во наредните години.

Првично планираната странска буџетска поддршка во износ од 4.470.000.000 денари за финансирање на планираниот буџетски дефицит и за сервисирање на обврските по домашно и странско задолжување, е корегирана на пониско ниво од 4.174.000.000 денари, како резултат на сеуште постојната неизвесност за реализација на ветената па премислената донација од страна на Европската унија кон Република Македонија. Ваквата платно билансна поддршка, заедно со очекуваните зголемени приливи од интензивираната продажба на државниот и општествениот капитал, преку Агенцијата за приватизација и Министерството за финансии, како и остварувањето на предвидената емисија на државни хартии од вредност, ќе овозможат целосно, навремено и неинфлаторно финансирање на јавните расходи до крајот на 2004 година.

Почитувани пратеници, вака дизејнираната јавна потрошувачка до крајот на годината, ќе има за цел и следново: спречување на висока фискална експанзија на крајот од годината, особено во последните два-три месеци односно намалување на притисокот врз стабилноста на девизниот курс и урамнотежувањето на девизниот пазар. Понатаму зголемена координација меѓу фискалната и монетарната политика во правец на натамошно намалување на каматните стапки на банките.

Ако вие внимателно ме следевте приметивте дека јас постојано, зборувајќи за фискалната и буџетска политика, зборував и за монетарната политика, што е резултат на исклучително високото ниво на координација на политиките помеѓу Министерството за финансии и на НБМ, или стручно кажано помеѓу фискалната и монетарната политика.

Понатаму, благо намалување на буџетскиот дефицит и ревидирање на неговата динамика, согласно расположивите извори за негово финансирање. И конечно редовно и навремено сервисирање на обврските кон странските доверители, но и по домашните обврзници кои, мораме да признаеме секојдневно растат се повеќе, ако во расправата има интерес за тоа, ќе дадам дополнителни податоци, а во функција на одржување на нивото на домашниот и надворешниот долг, во меѓународно прифатливи рамки, односно на средно ниво, позиција што Република Македонија односно оваа Влада има право и има намера да ја задржи до крајот на својот мандат и понатаму.

Ваквото ревидирање на макроекономските и фискалните индикатори ќе обезбеди услови за склучување на структурни и развојни аранжмани и со меѓународните финансиски институции и подготовка за претстојните економски и социјални реформи, а исто така и побрзо приближување кон Европската унија и НАТО, чии компоненти и во овој ребаланс и во 2005, 2006 и 2007 година ќе бидат вградени.

Имајќи го предвид изнесеното, почитувани пратеници, ве повикувам да ги поддржите предложените измени во Буџетот за 2004 година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Господине Краљевски имате процедурално?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Деловнички.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, во името на пратеничката група барам еден час пауза за да може за тоа време да се поделат стенографските белешки од експозето на министерот и пратениците да се подготват за дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можеме да се договориме вака:

Министерот мислам дека има пишувано експозе. Ако може да го даде заедно со табелите и од прилика ќе имаме 90...

(Реакции во салата).

Предлагам пауза од еден час, да се симнат стенографските белешки.

(По паузата, во 12,30 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи е потребно стенографските белешки од излагањето на министерот да се поделат и да се прочитаат, давам пауза што истовремено е и пауза за ручек, уште еден час.

Продолжуваме во 13,30 часот со работа за да се добијат стенографските белешки и за да се искористи пауза од еден час за ручек.

Во врска со тоа известете ги колегите пратеници, а стенографските белешки ќе бидат поделени за 10 минути на вашите места.

Значи продолжуваме со работа во 13,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13,32 часот.)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата.

Прв за дискусија е пријавен пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго но не е тука, ве молам исклучете го. Потоа, г-динот Марјан Ѓорчев кој исто така не е тука. Г-динот Михајло Георгиевски, не е тука, ве молам исклучете го.

Повелете г-дине Ќахил имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, кои сте тука и тие што не гледаат,

Пред да почнам со мојата дискусија во врска со ребалансот на Буџетот и моите погледи, сугестии и критики во однос на еден дел од ребалансот и излагањето на министерот, би сакал од оваа говорница да ја искористам приликата, секако ако претседателот дозволи, да ги поздравам сите верници од исламска вероисповест во Република Македонија и да им ги честитам рамазанските пости кои почнуваат веќе од утре, во мое лично име, во името на опозицијата. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претседателот дозволува, инаку, претседателот мислеше на крајот од седницата тоа да го направи.

АДНАН ЌАХИЛ:

Јас побарав дозвола од претседателот.

Значи среќни рамазански пости и празници кои ќе се крунисаат со Бајрам.

Сега би поминал на мојата дискусија. Го слушнавме излагањето на министерот за финансии, кој изнесе кои се причините за ребалансот, што всушност треба да се направи и што е направено во однос на економијата во изминатиот период. Сега не би навлегувал во други детали, ќе оставам тоа да го направат моите колеги кои се верзирани и подобро ги познаваат аспектите од ребалансот, тие да ги изнесат своите позитивни или негативни искуства, критики или пофалби во однос на овој дел.

Јас би сакал да проговорам за делот од ребалансот кој ги тангира проблемите во однос на образованието, науката и спортот. Често пати во изминатиот период дискутирав, а сега сакам да бидам доследен на тоа, и укажував на потребата дека науката во рамките на Министерството за образование и наука, но и образованието, треба да бидат приоритети на секоја економија во светот, па и кај нас. Сигурно не такви приоритети само тоа да го гледаме, туку приоритети кои ќе бидат проектирани во една целина.

Кога се донесуваше Буџетот на Република Македонија, верувајте, се израдував кога дадовте предлог, иако предлогот беше даден на повисок износ на средства, да се зголеми буџетот за наука околу 30% и сметав дека почнува трендот на финансирање на науката, барем делот на науката што се вика научно-истражувачки трансфер, со поголем процент. Но, според она што денес и сега можам да го видам, тие пари што се дадени минатиот пат сега се земаат назад. Едноставно ребалансот удира онаму каде што не би требало, а тоа е науката.

Иако на седницата на Комисијата за образование, наука и спорт едногласно, и позицијата и опозицијата, сите донесовме еден заклучок и поднесовме амандман, притоа и укажавме од кои ставки и како треба да се земе, колку треба да се земе, барем првично и така тенкиот буџет на науката на некој начин да се подобри, моите сознанија кажуваат дека тој амандман нема да се прифати, но за тоа потоа, кога ќе дојде време ќе дискутираме за тој амандман, конкретно за ставките зошто не се прифатени, иако во предлогот околу 55 милиони денари се зголемува буџетот за образование и наука во целина и ако подробно ги гледате ставките, ќе видите дека од науката се одземени 41 милион, од ученички и студентски стандард и на тој начин е направен износ од 55 милиони денари, од една страна земени од ставката на наука и ученички и студентски стандард и префрлени во образование и наука, особено во делот на основно и средно образование, каде Буџетот е зголемен за 44 милиони денари. Не би сакал да бидам погрешно разбран, јас не сум против

зголемувањето на буџетот во правец на подобрување на финансиската структура на основното и средното образование, но тоа да се прави со парите од науката е недопуштено и недозволиливо. Многу прецизно и итро е неправена една ситуација, претумбација од една ставка во рамките на образование и наука, од наука се земени и дадени во образование, за да не може никој, ама апсолутно никој вклувајќи ме и мене да приговара зошто е зголемен буџетот за основно и средно образование. Познавајќи ја состојбата во училиштата во Македонија и основните и средните, познавајќи каква е материјалната структура со вклучување во техничките иновации, мслам на компјутеризацијата и други модерни текови во образованието, сметам дека тие пари се малку. Но, ако се малку за основното и средното образование, тие пари се уште помалку за науката и научното образование. Од науката се одземени пари за трансфер, значи од научните институти околу 20 милиони денари, а за купување на информатичка опрема 15 милиони за технички развој 2 милиони денари, за техничка култура 4 милиони денари итн. Според сите тие ставки нешто што значи наука, нешто што значи развој, нешто што значи фаќање чекор на сето она што ние би требале да го работиме, сето тоа го нема, едноставно, средствата се префрлени од една ставка во друга во рамките на Министерството за образование и наука, иако очекував, како што имаше тренд кога се изгласа буџетот за 2004 година, да имаме зголемување уште за 30%, но сега имаме 30% намалување, имаме регрес во финансирањето на науката. Со тие пари науката е финансирана со 149 милиони и 600 илјади денари, а сега спаѓа на 108 милиони и 600 илјади денари. И со 149 милиони денари одвај да се финансира науката.

Тука имам неколку документи, изготвени од релевантни фактори кои раководат со науката. Веќе имавме можност да слушнеме и да видиме во изминативе денови имаше трибина, на која учествуваше барем половина од членовите на Владата, премиерот Хари Костов ги одобруваше ваквите работи, барем јас така мислам. Тоа беше во рамките на МАНУ, Истражувачки центар за енергетика и материјали на тема “Предизвици и сенки во науката” и таму јасно стојат некои ставови кои би сакал да ги прочитам за да видите дека тоа не се само мои размислувања, туку се и размислувања на релевентните фактори во Република Македонија и пошироко, а потоа ќе проговорам за тоа што всушност значи во светски рамки и во рамките на балканските земји, со кои милуваме себе си да се споредуваме, да видиме каде сме со таа наука, што всушност треба да биде таа наука, што треба да придонесе и што ние како држава - кога велам држава не

мислам само на Владите кои во даден момент се во функција - треба да направи за да се унапреди науката.

Во текстот се вели: “Во најновиот Економски меморандум на земјата ( се мисли на Република Македонија) експертите на Светската банка ги декомпонираа стапките на порастот на бруто домашниот производ на македонската економија за периодот 1991 - 2000 година, односно го утврдија придонесот на одделните фактори на производството, капиталните текови, човечкиот капитал и вкупната факторска продуктивност во порастот на ЈДП според стандардната методологија за сметководство на економскиот раст. Резултатите се дадени по приложената табела” што не би сакал да ја коментирам, но потоа во текстот се вели вака:

“Табелата покажува дека во периодот 1997 - 2000 година, Македонската економија постигна просечна стапка на раст на бруто домашниот производ од 3,4%. Притоа, зачудувачки е фактот дека вкупната факторска продуктивност, односно научно-технолошкиот прогрес во најширока смисла на зборот дава најзначаен придонес во динамизирањето на економскиот раст на земјата, од 3,4% просечна стапка на сраст дури 2,4% или 60 проценти е резултат на вкупната факторска продуктивност на трудот. Ова е силен аргумент во прилог на тврдењето дека технолошкиот развој во иднина ќе има пресудно значење за динамизирање на растот на македонската економија. Според тоа, неопходно е Македонија да има и организиран пристап во лседењето и имплементацијата на идните технолошки промени во добро осмислена стратегија на технолошкиот развој”.

Ова е кажано од академијата, извештаи од Светската банка. Значи, инволвирање на науката и во државава во оформување на стратегија на државата и фаќање на чекор за каков таков технолошки развој каде што не само што сме многу назад, туку едноставно тапкаме во место, а во дадени моменти ако вака продолжи сигурно ќе имаме регрес во движењето.

Често пати се вели дека државава се помалку треба да интервенира. Имав можност на Комисијата за образование, наука и спорт да слушнам дека нашите научници треба да конкурираат на меѓународни проекти, меѓународните проекти ги има могу и тие проекти треба да бидат репер едноставно за да добијат тие пари зај добрите идеи и проекти што ги имаме во Македонија. Повторно ќе се навратам на основната идеја за да укажам што всушност во светот се важни фактори, кои се тие важни фактори кои влијаат дали некој кој ќе конкурира ќе добие или нема да добие меѓународен проект. Но за тоа, потоа.

Во оваа дискусија во еден пасус се вели вака: “изнесените факти недвосмислено потврдуваат дека сверата на технолошкиот развој бара државна регулација, односно соодветни технолошки политики во рамките на обмислена стратегија за технолошки развој, бара дрджавна регулација”. Значи, не можеме да бегаме од одговорност дека државата едноставно треба да крене раце од финансирањето на науката и да каже ние нема да мислиме на науката, се помалку пари треба да даваме за науката. Очигледно трендот е таков по 2002 година, кога науката се финансираше со 209 милиони денари, сега после две години науката се финансира со околу 100 милиони денари или има 100% намалување на буџетот. Зошто е така, последиците ќе ги сноси што донел таква одлука.

Јас ќе се обидам да укажам дека треба да се прифати овој амандман поднесен од Комисијата за образование, наука и спрот, пак ќе потенцирам амандман кој е предложен од сите учесници во таа дискусија без разлика дали се позиција или опозиција, надевајќи се дека ќе укажеме на потребата дека науката во Република Македонија треба да се финансира со повеќе пари, онолку колку што можеме да финансираме и оналку колку што треба да направиме. Јас немам илузии дека Македонија во овој момент треба да вложува како што треба да вложуваат светските веле сили во науката, а потоа ќе прочитам колку проценти издвојуваат за науката во светот, во наши рамки а и во рамки на Балканот, за да направиме една споредба. Често пати се споредуваме со некои земји што нам нми одговара, често пати имаме репер со Албанија, Бугарија, Грција, па потоа со Словенија и Хрватска кои се на прагот на влезот во Европската Унија, ама само во тој дел кој нам ни одговара, а кога треба да споредуваме некои фактори кои влијаат директно или индиректно на развојот, економијата, технолошкиот развој како што е науката, ние едноставно ги пренебрегнуваме и фаќаме линија на помал отпор. На пример, во светски рамки вложувањето во науката колку е. Шведска вложува 3,78% од ЈДП, Финска 3,37, Јапонија 2,98%, САД 2,69%, Германија 2,52%,Франција 2,13. Грција вложува 0,62%, а нашето влошување е со бројка 0,0. . . понатаму. Да ви кажм една споредба во бројки. Ако се споредуваме со Словенија, Слвоенија вложува во наука околу 1%, а околу 1% е и вложувањето во нашето опкружување од 0,6 до 0,9%, се Албанија и Бугарија, Словенија во науката вложува со се платите на професорите околу 350 милиони евра, за разлика од нас што вложуваме само 10 милиони евра. Тоа се податоците што ги имаме.

Би сакал овде да ја искористам приликата и да кажам што значи технолошкиот развој и каква е Европската политика за истражување. Европската политика за истражување и развој во последните неколку години беше детерминирана во текот на средбите организирани во Виена, Брисел, Букурешт, Софија  итн. Интересот на сите овие средби етаблирање на основње на европски истражувачки центар со 3% бруто национален производ за истражување и развој, при што 2% се од индустрискиот сектор и 1% од јавниот сектор како главен предуслов за идниот економски развој. Значи, ова е најнова иницијатива за вложување во науката на европско ниво, каде што имаме спој и на економијата, читајте приватен сектор, и јавниот сектор односно државата каде што треба да интервенира со 1% директно, а индиректно верувам  многу повеќе преку проекти со кои интервенира во самите фирми.

Би кажал уште еден податок за технолошкиот развој кој е во директна врска со науката. Имаме и ние оддел за технолошки развој и техничка култура, а впрочем и таму помалку пари имаме и се вели вака: “За оваа намена за технолошкиот развој на земјата оваа и наредната година во Словенија се издвоени 19 милиони евра, Хрватска 10 милиони евра, додека во Македонија за таа цел се издвојуваат само 110 илјади евра”. И тие пари што се издвоени, дел од тие пари се земаат. Показателите апсолутно покажуваат дека во сите елементи имаме намалување на науката и јас не видов едно валидно објаснување зошто токму од науката земаат пари, па се трансферираат, се алоцираат на други ставки, иако сметам дека може да се најдат пари за финансирање и ќе се согласите од 140 милиони денари, ако се дадат 30% тоа се околу 40-42 милиони денари, што за една држава која има буџет од една милијарда евра, не е голема ставка, а ќе има многу голем ефект, имајќи предвид дека имаме многу големи обврски спрема научно истражувачките центри, кон факултетите, факултетите кај нас нужно е истовремено да вршат едукација, настава и да се вклучени во разни проекти, каде развиваат некоја наука, некоја оригинална македонска наука. Затоа понатаму ќе кажам каква наука ние развиваме и во проценти каква е науката на Република Македонија во светот, па ако продолжиме вака до каде ќе стигнеме со вакво вложување. Едноставно би требало да ги согледаме работите да можеме и да мораме да инвестираме во науката.

Исто така, ќе дозволите да прочитам еден дел од еден тим од областа на науката што дал свој поглед и преглед во врска со ова, што всушност значи и шо би требало државата да прави во овој дел. Се вели: “Согласно Уставот, државата има

обврска да го поттикнува и поддржува техниолошкиот развој на земјата, Министерството за образование и наука е тело на Владата кое е одговорно за организацијата, финансирањето и развојот и промоцијата на науката, технолошкиот развој, техничката култура, информатиката и информатичките системи, како и меѓународна соработка која се однесува на овие прашања. Во компетенциите на Министерството исто така спаѓаат и прашањата кои се однесуваат на сите степени на образованието.”

Научните активности во Република Македонија се изведуваат и организираат од страна на мрежа на научни институции во состав на три универзитети, неколку научно истражувачки институти кои делуваат на различни полиња и истражно технолошки развој, единици во индустријата. Македонската академија на науките и уметностите е значајна научна организација чија цел е да го стимулира развојот на науките и уметностите и да врши промоција на развој на науките. Во рамките на владиниот сектор исто така, треба да се споменат и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за заштита на животната средина и посебно Секторот за европска интеграција на Владата. Според нивната стратегија сите овие тела делуваат како значајни субјекти во поглед на научно истражувачките достигнувања во научно истражувачката заедница Ова се обврските, сето тоа е добро, очигледно спаѓа во доменот на теорија, бидејќи праксата покажува сосема друго. Не ми е јасно како можеме да ги исполнуваме сите ние уставните одредби, уставните законски нормативи ако од ден на ден буџетот за наука се намалува без некое конкретно образложение, едноставно треба да се намали, или без валидни докази дека така се работи , или не се работело. Јас ќе се согласам дека би требало да се намали буџетот ако имаме валидни показатели дека тие пари не се наменски користени, или не се потрошени наменски, или воопшто не се потрошени. Но, такви докази јас не видов дека има, ниту такви докази се презентираат на Комисијата. Затоа беше единствен заклучокот на сите пратеници од таа Комисија, затоа излеговме со еден заеднички амандман за подобрување на буџетот за наука со овој ребаланс, затоа што се надеваме ако беше прифатен и ако се прифати би го замолил министерот да го прифати овој амандман во понатамошниот дел, со тоа да направиме уште подобри проекции за догодина да имаме барем симболично покачување на вложувањата во науката, затоа што имаме обврска и по Уставот, а и сега со тие фамозни прашалници. Јас се прашувам, во тие прашалници сигурно ќе имаме многу

ставки кои ги тангираат образованието , науката, лингот на науката со образованието, лингот на младите со науката и образованието, или трансферот на знаењето на младите преку науката во учество на сите тие меѓународни проекти кои ги има многу. Да се потсетиме, за да некој конкурира на меѓународни проекти треба да има некој бекграунд. Сигурно нема некој да исплива во меѓународни води, или некој да плива кој сега почнува во науката, нема некое име, ништо не значи во името за да може едноставно волжувањето во наука да биде. Вие и на своите деца вложувате, ги финансирате за да учат, за да може едно време  таа финансиска конструкција да му се врати нему, или на вас. Не е возможно во рамки на државата да не го правиме тоа. Впрочем ние сме должни како држава, има и политичка рамка за таква работа да го направиме тоа.

Јас би проговорил во продолжение што всушност во светот значи да се биде научник, да се објавуваат трудови, да се учествува со некое реноме, научно реноме. Во светот постојат многу списанија и институти кои ги рангираат како што во тенисот се рангираат по бодови, така и во науката постојат рангирања, кои научници од кои земји вредат, или не вредат. Затоа објавените трудови на нашите научници се рангираат. И најдобро се рангира на тој начин, ако тие трудови  се објавени во меѓународни списанија, или списанија со фактор на влијание . Врз основа на тој фактор на влијание сите влади во светот, апсолутно сите влади кога прават проекции прават врз основа на овие импакт фактори  колку тие учествувале во креирањето на науката. Верувајте само тие што имаат определен импакт фактор, имаат проѓа во светот, во Европа, тие што немаат импакт фактор нема да ги третираат. А за да има некој импакт фактор едноставно државата вложува, иако во вложувањата на државата имаме објективни и субјективни слабости. Често пати и не се контролира каде одат тие пари. Некои луѓе добиваат проекти кои не би требало да добијат проекти, тие проекти не се презентираат на соодветни институционални системи во државата и надвор од државата. Но, тоа не е проблем ако тоа не се прави, да се намали буџетот за наука, туку тоа е проблем на контрола врз тие институции, во контрола на тие луѓе. Често пати зборувам еден од тие фактори почнувајќи од унапредувањето во Република Македонија од помлад асистент, асистент, доцент, вонреден , редовен професор кој впрочем кај нас е спој на професорска работа и научно истражувачка работа се вели дека, ако треба некој да се унапреди од вонреден во редовен професор треба да има најмалку три објавени труда со импакт фактор во последните пет години, а во три да биде најмалку прв

автор. Тоа често пати не се прави, не се почитува во Република Македонија, можеби тој е еден од предусловите зошто се оди на тоа да се намали буџетот на Република Македонија во однос на науката. Но, пак ќе повторам тоа е работа на контролата врз тие инстуции, и тие луѓе дали навистина тие буџетски пари се користат наменски, ненаменски, дали тие луѓе работат на проекти, дали ги бранат тие тези. Јас овде ќе се обидам да укажам колку нашиве институти од 1971 година до 2003 година, имаат објавени во списанија, ние имаме списанија кои се релевантни, без такво рангирање нема ниедна институција во светот да конкурира за првиот да прифати. Конкретно јас ако конкурирам  на еден проект, ако немам објавено во тоа списание СЦ Индекс мои дела , еден два, пет, се знае колку треба да има, нема шанси да го добијам тој проект, нема да го добијам тој проект. А за да го направам тоа едноставно државата треба да вложи во мене за да после јас со конкурирање на тие меѓународни проекти за технолошки развој во лингот на технологијата или чиста и применета наука да се вратам во Република Македонија во форма на инвестиции, да се врати во форма на вложувања, во форма на наука, или во било која друга форма каде што науката ќе биде приоритет и на крајот на краиштата ние сме обврзани спрема младите за кои со полна уста зборуваме дека младите треба да учат, тие ни се иднина, а никако не правиме основа каде тие млади да се докажат, како да работат на проекти, како да имаме трансфер на знаење од поискусните, од постарите кон младите, а гледаме се поголема масовност на иселување , на одење на наши млади стручњаци во странство, затоа што на други места едноставно овие релации се подобро средени, подобро се направени и вложувањата се многу поголеми и тие си го наоѓаат своето место.

Рангирањата велат вака , од 1997 година до 2001 година, влијанието на импакт факторот што со број на објавени трудови колку има објавено трудови со овој импакт фактор и за нив тоа е прв показател за влијанието на науката и вложувањето во науката. САД имаат објавено од 1997 до 2001 година, еден милион 269.036 трудови, Англија 354 илјади, да не набројувам, Швајцарија 65 илјади 870. Што станува со нашето опкружување, каде сме ние? Грција 79 илјади 875, Турција 72 илјади 690. Бугарија 37 илјади 926, Романија 31 илјада 587, Србија и Црна Гора 23 илјади 082, Хрватска 21 илјада 890, Словенија 19 илјади 963, Македонија 1.652 и тоа од 1971 до 2003 година, Босна и Херцеговина 1.122 и Албанија 541. Еве, колку е нашата наука, во какви гранки е и ако не вложуваме, ако одиме со ваква рестриктивна политика апсолутно сум сигурен дека уште на полоши гранки ќе биде и

сите тие држави кои се зад нас, ќе дојдат пред нас, бидете сигурни дека тие имаат поголеми вложувања во науката. Морам да ви го кажам и ова. Многу институти, многу факултети добиваат пари за да работат наука и дали тие работеле наука. Јас имам еден преглед по институции кои објавиле, или не објавиле трудови со импакт фактор. Ќе ви ги прочитам. Институции со по еден и два објавени трудови, зборувам за цел период, ова се релевантни податоци, ако не верувате можете да проверите дали е тоа така. По два труда во целото постоење Институт за социолошко правни истражувања 1979 и 1998 година објавил труд , Шумарски факултет 1985-1987 по еден труд, Институт за географија 1971, Музичка академија 1973, Правен факултет 1999 година, Архитектонски факултет 2002, Технолошки факултет 2002, Биротехнички факултет - Битола 2002 досега објавиле по еден труд. Многу пари се вложени, а ништо не е добиено. Институции без објавени трудови Економски факултет-Прилеп, Факултет за учители - Битола, Факултет за ликовна уметност, Факултет за драмски уметности, Факултет за физичка култура, Виша медицинска школа - Битола, Факултет за туризам - Охрид. А има факултети кои објавувале многу трудови, на пример ПМФ објавил 629 труда, Медицински факултет 477 труда и да не набројувам други. Значи, некои објавуваат трудови, некои не објавуваат трудови. Прашањето е, дали тие што не објавуваат трудови треба да бидат наградувани и понатаму со давање на пари за проекти, или пак овие што објавувале, затоа што таква е политиката уравниловка, треба да бидат казнети затоа што објавувале трудови. Значи, политиката е на контрола. Предлагам и сметам дека треба да има поригорозна контрола при доделување, при конкурирање на проекти во рамки на Република Македонија да се направи преглед кои луѓе што објавиле, како објавиле, ако тоа се направи сигурен сум во иднина на право место ќе доаѓаат вложувањата во науката и тие вложувања ќе вродат со плод. Во спротивно, ако се продолжи со оваа пракса немаме контрола, контролата е никаква, доделувањето на проекти по разни основи, а тоа се случува и сега и во минатото, а во иднина не би требало да се случува тоа , во тој случај и овие пари што се вложуваат во науката исто така ќе имаме нерамномерна дистрибуција на парите, пак ќе имаме ситуација институции и луѓе кои не објавувале ништо да добијат проекти, а тие кои објавувале, кои значат нешто во светската и во европската наука да не добијат пари. Тие две работи не треба да ги мешаме. Значи, да резимирам, науката треба да добие повеќе пари, многу повеќе и во проценти и во апсолутна сума, треба да има поголема контрола кој како ги троши буџетските пари, но да има правилна и праведна контрола на тие

пари и во тој случај ние ќе имаме многу подобра ситуација во вложувањето на науката и сигурен сум дека науката ќе врати она што е вложено. Во европски и светски рамки се вели, вложувањето во науката директно, или индиректно, вложувањето во проектите кои можат да имаат апликација во нашата индустрија, или економија како што впрочем и Академијата организираше и по проекциите и по укажувањата на светска банка, на вложено едно евро се враќаат 12 евра. Не случајно овие големи земји кои најмногу вложуваат во науката и образованието имаат и најголем придонес и најголем дел од колачот земаат за технолошки развој, патентна технологија и продажба на технологии во светот. Ние по сите основи сме на дното на табеливе. Ако продолжиме така ќе бидеме под дното на таа табела .

И на крај би кажал една мала приказна, очигледно дека на овој начин се решаваат работите. Насради Оџа си имал крава, ја хранел кравата и по сугестија на некој комшија кој му рекол зошто дава толку храна на кравата. Вели, дај и помалку храна, ќе даде пак млеко. Дал помалку храна, навистина утредента кравата дала исто толку млеко. Третиот ден помалку храна, пак дала млеко, четвртиот ден пак дала млеко, ама еден ден цркнала кравата. И тој рекол, само што ја научив кравата да не јаде, цркна. Да не биде и со нашата наука, таман ја навикнавме науката да работи без пари, да ни цркне науката и да ја немаме и да се чудиме зошто немаме наука, зошто нашите професори , или нашиот помлад кадар ќе емигрира, или ќе оди во странство да си бара докажување, да си бара подобар систем за вреднување на трудот од она што имаме, или би требало ние да имаме. Јас на крај би потенцирал дека треба да има вложување на наука во рамки на она економско можно кај нас, а сигурен сум дека нема да влијае многу на нашата економија и негативниот дефицит што го имаме над 778 милиони долари ако некаде околу 40 до 50 милиони се зголеми буџетот за наука и ако во тој контекс ако се зголеми буџетот да се направи порестриктивна контрола и да се контролираат каде одат тие пари и како одат тие пари и во тој случај сигурно ќе имаме подобра ситуација со науката и образованието и ќе имаме тренд на применета наука внатре во Македонија и надвор и ќе имаме луѓе кои ќе аплицираат на меѓународните проекти со определен бек граунд, со определено реноме каде што впрочем такви научници во Македонија имаме и да не жалиме затоа што таквите научници и младиве ќе ни бегаат од Република Македонија

И на крај би замолил министре ако е возможно да го прифатите овој амандман, ќе направите многу за науката и образованието во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Господине претседателе, бидејќи јас нема да зборувам многу долго, ќе зборувам од ова место каде што најчесто седам.

Јас со големо внимание го следев излагањето на министерот за финансии почитуваниот Поповски, затоа што сакав да ги разоткријам и да ги дознаам главните причини за неостварувањето на приходниот дел на буџетот. Веднаш да кажам во почетокот дека потполно се согласувам со него во оној дел кога кажа дека буџетот е основниот критериум за развојот на економијата во Македонија. И веројатно тука нашето слагање и едномислие завршува. Јас г-динот Поповски го знам подолго време, го сметам за надежен политичар и очекував бидејќи тој нема некое значајно учество во негативните ефекти воопшто во економијата, па и во буџетот потполно реално објективно, стручно, во што не се сомневам да ги прикаже нашите состојби во економијата кои што се гледаат низ самиот буџет. Овде веднаш ми дојде на памет една работа која многу наликува сега во образложувањето на буџетот и елаборацијата на состојбите една од областа на медицината мисла, изрека која често се употребува каде што се вели дека операцијата е многу успешна, квалитетна, а пациентот мртов. Ние не само сега, 14 години упорно се повторува една упорна теза дека се е добро, се е успешно и како да Владата секој пат настојува работите да ги претстави во една друга светлина и една друга состојба отколку што се навистина така.

Пред некој ден одигравме една фудбалка утакмица со Холандија. Ја спомнувам неа, можеби тоа е менталитетот кај нас македонците, сите репотери, па и новинари, сите прогласија дека сме ние победници, а игравме нерешено 2:2. Дали е тоа некоја особина на нас и таму каде не сме победници да се прогласуваме победници и таму каде не сме успешни да се прогласиме за успешни. Дали тоа воопшто ни користи, а не верувам дека во тој поглед имаме различни мислења.

Се сеќавам на еден момент кога овде експлодираа и пратеници од позицијата кога министерот за економија ни носеше некои закони, мислам на стариот министер, кои не нудеа никакво решение, па станаа и укажаа дека ова никаде не води.

Според тоа, мислам дека во иднина мора да прозбориме многу пореално и објективно за нашите тотално катастрофални состојби во кои се наоѓаме, да ги лоцираме како такви, а не да земаме некој дека е виновен за тоа, далеку од тоа, не на пример да го менуваме директорот на Државниот завод за статистика затоа што ги објавил тие резултати такви какви што се, со тоа ништо не постигнавме, туку да видиме зошто тогаш ни беше 40% производството во индустријата пониско. Не е битно која методологија дали е 40,36 или 35 или 30, воопшто тоа не е важно, тоа е катастрофално ниско. Друга работа е ако е 2 или 3% направена грешка, па да се корегира. Затоа мислам дека тука требаше, кога се елаборираше реално и објективно да се каже зошто тоа индустриско производство ни падна. Зошто не го остваруваме домашниот бруто продукт реално и објективно? Ако немаме материјално производство, ако немаме производ кој ќе го пласираме на домашниот и странскиот пазар кој доаѓа од производните капацитети, тоа е индустријата, тоа е земјоделието, џабе што ќе градиме кафеанчиња, дуќанчиња, ако тоа угостителство не се развива со услуги на странски туристи, ние тука ги вртиме тие пари, сега немаме производи кои ќе ги материјализираме, кои ќе ги извеземе и ќе ги пласираме како такви, ние немаме производи кои ќе го спречат огромниот увоз.

Според тоа, мора да ги видиме проблемите кои се во производната сфера, кој е проблемот што не оствaруваме средства по однос на придонеси, даноци, таканаречен персонален данок, по однос на профитот, по однос на акцизите и тн., тие проблеми треба човечки, а не е виновна само една влада за тоа. Со самото лоцирање не се бара некој да сноси одговорност, туку навистина да ги разоткриеме правите причини. Правите причини се нашата голема стагнација за еден долг период од 14 години и како такви треба да ги гледаме. Да ги гледаме реално, објективно неоптоварени со позиција, опозиција, партија, партија и тн., туку да проработи човечкиот фактор, да проработи нешто во нас што значи патриотизам, што значи да ја спасуваме државата од еден ваков тежок економски колапс.

Се сеќавате за овие 14 години јас упорно тврдам дека по овие прашања треба да постигнеме консензус и сите да се бориме во тој правец да ги достигнеме саканите резултати, не да обезбедиме пораст на нашата економија на бруто домашниот производ од 3 или 4%, туку 8,9,10% затоа што имаме долг период на стагнација.

Според тоа, проблемот е во производството и ако тој проблем таму го лоцираме, а сигурно секој умен човек знае дека е таму проблемот кој предизвикува

армија невработени близу 400 илјади кое предизвикува беда, сиромаштија, кое предизвикува секоја година да се затвараат огромен број фабрики, производни капацитети, кое предизвикува немање на акумулативност, економичност, продуктивност и тн. и сето тоа предизвикува да не можеме да ги оствариме главните инструменти на Буџетот, на буџетската политика, на фискалната политика, на монетарната политика.

Убаво кажа министерот дека тие меѓу себе се поврзани, не може една без друга да функционира ако тие не функционираат, а во срж та, во средината, во збиднувањето сите тие ги храни, подобрува, квалитетно ги издигнува производството, развојот, главниот проблем е таму, а тој проблем се заострува и станува крајно загрижувачки поради тоа што ние немаме развојна политика, поради тоа што немаме инвестиции, поради тоа што немаме градба, не е страшно што ќе се затворат 4,5,10 производни капацитети, страшно е што не се отвораат 20, 30, 40 нови. И во светот се затвараат производствени капацитети, но ако се затворат 10, се отвараат 40. Според тоа, тука мора да ги гледаме правите состојби и треба да гледаме што да направиме за да го промениме состојбите. Тоа значи да почнеме еден широк инвестиционен циклус и да го насочиме Буџетот во тој правец таму каде се инвестира да има големи ослободувања. Самите капитални вложувања за кои тука се зборуваше да бидат во функција на развојот на економијата, некои делови ќе бидат во функција на развојот на градежната индустрија, други делови ќе бидат во функција на развој на другата индустрија, ние мора низ Буџетот да направиме такви олеснувања и такви мерки и инструменти кои една таква политика широко ќе ја поддржуваат. Инаку, објаснувањето од тоа дека ние не оствaруваме приходи од данокот на добивка затоа што средствата се враќаат кои биле од минатата година, па со завршна сметка се враќаат, тие објаснувања не се точни, не се реални. Резултатот е на помал обем на средства поради тоа што имаме јалова индустрија, поради тоа што немаме индустрија, економија, производство кое остварува добивка, а таму каде има и се остварува добивка да кажам кај монополистичките организации, таму преовладува јачината и силината што ја имаат тие организации, мислам на тие монополистички организации кај кои не може доволно да се наметне дури и Министерството за финансии. Таму се работи за група луѓе кои имаат големо влијание во политиката, особено тука ние како држава како општество сме изиграни со Телекомуникациите. Таму не се прикажува правата добивка. Таму се изигруваат тие процеси. Таму Владата мора да покаже заби, мора да покаже своја државност,

мора да се наметне во таквите организации и да избоксува добивка и право да се оданочи. Воглавно пресијата се врши на помалите организации, на немоќните организации, на невлијателните организации и тн.

Исто така данокот кој не се остварува, мислам на персоналниот данок тоа зборува дека ние имаме работници кои не земаат плата во државата, имаме фабрики кои се доведени пред стечај, имаме организации кои само што не отишле во стечај. Значи, имаме голема стагнација, немаме нови производни капацитети, немаме нови вработувања и тука е проблемот.

Исто така интересно е да се проучи зошто не се остварува акцизата, зошто не се остварува царината. Со внимание го слушав министерот, тој има добри намери и некои согледувања за кои зборува има логика околу царината, меутоа, ако се земе во предвид колку за овие изминати години поминуваше роба мимо царината, колку имавме сива економија, ако таа во овој момент и покрај тоа што има либерализација на увозот, но и згледа дека имаме и либерализација на граничните премини. Значи, или поминува роба која не се царини, или се поминува мимо цариниците.

Според тоа, Министерството за финансии мора да вложи големи напори да ја изанализира оваа област дали е само како резултат на либерализација или е како резултат на либерализација робата да поминува без да се оцарини или нешто друго, а тоа е индикативно, човек мора да гледа, кога е умен човекот, кога има разум, остава впечаток дека не е тоа оправдување за кое се зборуваше овде во воведното излагање. Точно е тоа дека доста роба се либерализира со договорите што ги имаме со поедини земји, но тоа одамна го направивме. Точно е што имаме договори со ЕУ, па поедини артикли се ослободуваат од царината. Точно е и тоа дека влеговме во Светската трговска организација, меѓутоа, ако земете колку е пораснат увозот и ако се елиминираше сивата економија од претходните години, тогаш прашање е дали одговорот и елаборирањето и оправдувањето по тој основ дали држи?

Меѓутоа, во секој случај не држи, неостварувањето на акцизите. Кога се донесуваше Буџетот ние мислевме дека акцизите далеку ќе ги надминат износите кои се предвидени со Буџетот имајќи во предвид за колку расте потрошувачката на цигарите како актизна стока, за колку расте потрошувачката на горивата. Тука мора многу сериозно Министерството за фиансии под кое припаѓа Царинската управа да го проучи тој проблем. Дали и понатаму не се провлекува, а имајќи во предвид дека тоа беше широка појава и понатаму шверцот со цигари, шверцот со нафта. Дали државата не губи од тој шверц, значајни средства?

Според тоа, кај сите нас побудува сомнеж. Јас не можам никого да оптужам затоа што немам докази и не сум во состојба, меѓутоа, кога ќе почнам логично да размислувам ми се остава впечаток дека и таму има некои матни работи. Мислам дека министерот за финансии, бидејќи никогаш не сум го видел дека е вклучен во такви матни зделки, ќе преземе енергични мерки да ги спречи таквите негативни појави. Ако успееме на тој начин сивата економија да ја сведеме на проценти и рамки какви има Западна Европа, спрема која сакаме да се движиме, тогаш ќе бидеме во ситуација да собереме многу средства по овој основ и дел од тие средства да ги ангажираме во развојот на економијата на Република Македонија, а и за таков процент да го ослободиме стопанствто што е оптоварено со разни давачки за да му овозможиме да оствари некаква акумулација која ќе ја пласира во развојот.

Ако сме лоцирале дека најголемиот проблем во државата ни е развојот на економијата или обратно големиот пад во материјалното производство, тогаш треба да се излезе со мерки тоа да се запре и да се почне процес на развој. Тоа е правата политика што треба да ја понуди Владата и зад која ќе застанеме сите ние и позиција и опозиција, а не да ги користиме овие моменти за да напаѓаме некого, туку да ги искористиме овие моменти во однос на корисни предлози да почнат позитивни процеси да се одвиваат заради државата, заради нас граѓаните без оглед на која вера припаѓаат, на која партија припаѓаат, на која идеологија припаѓаат, сите сакаат Македонија економски да се развива.

Затоа молам во тој поглед сега, бидејќи ќе се донесува Буџетот на Република Македонија, да го напуштиме класичниот начин на донесување на Буџет, туку Буџетот да го насочиме и да предложиме многу решенија кои ќе отворат процеси на развој во Република Македонија.

За многу од тие сум зборувал во овој Парламент многу години и порано и сега, ништо во тој поглед не се прави да се ослободи стопанството, да се растерети стопанството само од себичниот интерес што повеќе да се соберат средства во Буџетот и да се финансираат дури некои непотребни активности. Само погледајте со што и колку е оптоварено стопанството, па терминали, па еден терминал, па друг терминал, па вакви давачки, па онакви давачки и тоа станува процес на нерентабилен извоз. Не уследија мерки да се спречат таквите појави. Многу мангупи се уфрлија во тие меѓуфази на кои државата им отстапи поедини процеси каде се остваруваат големи профити, а наштета на економијата и на штета на државата.

Според тоа, мораме практично и Министерството за финансии и Министерството за економија и сите други министерства и Владата да се стави во функција да ги решаваме проблемите во државата.

Еден од најголемите проблеми за кои зборуваше министерот, но не елаборираше до крај, е проблемот со каматите. Навистина на почетокот имавме еден благ пад на камати, но брзо се вратија на ниво на кое беа. Според тоа, мора Владата со редица мерки, а мерките кои особено во продажбата на своите записи Владата делуваше да се зголемат банкарските камати и Владата со редица мерки кои не ги презема банките не ги ориентира да ги вложуваат средствата во производство, туку главно во потрошувачка, па сега некој ќе каже дека банките се веќе приватни. Да кажам дека се приватни и на Запад во развиените економии, меѓутоа, преку кредитно-монетарната политика, преку Народната банка, преку општата политика која ја води државата таа снажно дејствува на банкарскиот систем и со кредитно-монетарната политика и на каматите. Секогаш овде констатиравме дека имаме редица кредитни линии кои не се користат. Јас сум инсистирал барем стотина пати банката да проучи зошто не се користат тие линии.

Скоро имавме еден закон кој го донесовме, тоа е Законот за кредитот кој ни го дава Владата на Германија, има многу такви кредити, тие кредити до таа мера се усложнуваат или се фрлаат во такви банки кои практично не овозможуваат да се реализираат.

Според тоа, тука е Владата тоа да го согледа. Таа има инструменти, таа ја има власт, таа ја има снагата, таа ја има моќта брзо да ги менува тие услови, и ако има промени Владата, ако крене оваа економија и стопанството, таа Влада обезбедува и своја иднина и долга власт. И често пати не ми е јасно зошто во тој поглед жестоко не се дејствува. Зошто во тој поглед не се преземат тие мерки. По некогаш и ние кои што сме во опозицијата предлозите и законите од Владата кои значеа позитивни процеси во економијата секогаш сме ги подржувале и ќе ги подржуваме, ама ги нема мерките, ги нема правите мерки. Во тој поглед јас сакам да допринесам како и до сега што сум го правел тоа, јас веќе 40 години имам една традиција да зборувам кога се носат буџетите и ребалансот на буџетите. Тоа го правам еве и 14 години и останувам доследен на тоа. Но некој пат кога ќе го правев и ќе предлагав вакви мерки тие се прифаќаа. За овие 14 години до ден денеска тие што беа на власт воглавно останувaа глуви, а резултатите од таквото останување еве се евиденти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Љубисав, тоа е точно дека вие 14 години користите ребаланс или донесување на буџет овие работи да ги укажувате, но јас би ги замолил другите пратеници да се задржат на ребалансот на Буџетот, за да не ги отвораме сите економски и други прашања.

(Реакција на пратениците)

Кажете конкретно за која стапка, со цел да бидеме кратки и да можеме да завршиме.

Повелете г-дине министер Вие имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не мислам да полемизирам, секој од нас има различни ставови, различни видувања, меѓутоа сакам да направам исправка таму каде што треба податоците коректно да се соопштат.

Господинот Иванов соопшти, веројатноне намерно, дека не ги собираме доволно даноците и помалку собираме и наведе поголем број на случаи од персонален данок, акцизи и т.н. Сакам да потврдам, тоа го кажав и во воведното излагање, ние оваа година собираме повеќе персонален данок од претходната, собираме и повеќе акцизи од претходната година, меѓутоа собираме помалку од тоа што сме го проектирале за оваа година. Ние не одиме надолу, само нагоре одат прибирањата на даноците и по другите основи, тоа го зборував и во воведното излагање.

Ова го кажувам за да не дојде до забуна дека помалку приходи е имаме од даноците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете,имате една минута контра реплика г. Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Веројатно, бидејки јас сум тука далеку од министерот за финансии, не ме слушнал, јас не зборував во однос на минатата година, зборував во однос на планираното. Тоа е факт, тоа го пишува во Буџетот и во образложението. Ако во меѓувреме се измениле работите ја сго прифаќам мислењето на министерот за финансии, ама не се измениле.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Георгиевски, а пота нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани минситри, почитувани пратеници,

Познато е дека буџетот на една држава претставува финансиска основа за јавната потрошувачка на државата. Преку буџетот се обезбедува континуирано, систематско покривање и финансирање на јавните расходи и функции на државата. Без правилна распределба на буџетот нема правилна развојна политика на државата.

Ребалансот, пак, претставува еден вид огледало на кое се отсликуваат состојбите на она што е планирано и она што е остварено во годишниот буџет.

Со ребелансот се виде дека Владата годинава успеала да собере доволно пари за покривање  на буџетските расходи, но кои не ќе може да ги потроши до крајот на годината бидејќи не ги реализирала капиталните расходи на државата што изнесуваат околу 4 милијарди денари. Со таа нејзина наивна штедливост нанесе огромна штата во развојот на државните функции и воопшто на целата државна економија.

Во услови кога државата се јавува како релативно голем инвеститор во домашното инвестиционо мртвило, но и потрошувач на разни потрошни добра, па голем број фирми се зависни од наплатата што се извршува од државната каса. Неискористувањето на веќе собраните средства не е воопшто добро и целисходно како за фирмите што се осудени на неработење туку и за целата држава што овозможува неработење и затварање на фирми, а со тоа создавање на поголема невработеност што оваа година ја достигна својата кулминација од постоењето на самостојна Република Македонија.

Непотрошените капитални расходи, во доволна мера го забавува и онака нискиот економски пораст. Во колку се реализираа планираните расходи, за капитални трошења во годината кога стопанската активност речиси замре и кога индустриското производство бележи огромни падови со регулирани и  предвидени буџетски трошења за планирани намени, состојбата барем малку можеше да се подобри, а вака остана да виси над својот економски амбис, а нарадот да чмае во беда и сиромаштија.

Дали се свесни господата од Владата што значи да се вртат меѓу народот 4 милијарди денари, што сега стојат непродуктивно затворени во државната каса. Тоа значи господа пратеници леб и поголем стандард за илјадници и илјадници гладни усти.

Тоа значи плати за работницити што работат во разни фирми, работа на трговците чија стока лежи непродадена поради немање пари кај народот , занаетчиите, земјоделците што неможат да си ги продадат своите земјоделски производи, угостителите итн.

Парите мора да се вртат меѓу народот. Со нив да се живее и да се создаваат нови и нови добра. Само така може да се оди напред и напред.

Почитувани дами и господа пратеници,

За да биде трагедијата уште поголема пропуштеното од првата половина од годината не ќе може да се надомести во месеците што претстојат. Економистите укажуваат доколку сега почнат кампањски да се трошат буџетските средства, тоа ќе предизвика хаос во севкупната економија. Наглото трошење на овие пари, лесно може да ја разбуди инфлаторната спирала, таа пак да удри врз стабилниот курс на денарот и со тоа да се дојде до далекусежни негативни последици врз скапо одржуваната макроекономска стабилност на државата . Тоа засега може да ни биде само како поука за во иднина како не треба да се работи со буџетските средства на државата.

Почитувани дами и господа претеници,

Во ребалансот се отсликуваат и други нелогичности и аномалии. Така вашето ценето внимение сакам да го насочам кон буџетското финансирање во науката и културата.

Кај ставката за наука и научни институти буџетските средства се намалени за неколку милиони денари т.е. за 40 милиони денари. Најверојатно ние сме единствената земја во светот каде што во науката минимално се вложува. И од она минимално што во проценти изнесува 00,2% од буџетот еве со ребалансот и од него се одзема, такашто науката е на последното скалило на општеството. Јас од овде не само како научен работник, туку како обичен граѓанин, би запрашал гласно: Дали може едно општество да оди напред без наука, без ум? Одговорот на сите им е јасен. Само можеби не на оние што го кроеле буџетот. Без наука господо одиме во незнаење, беда и сиромаштија. Единствено вложениот денар во науката повеќекратно се враќа. Единствено со науката се оди напред. Затоа, бескомпромисно треба сите да се заложиме во поголемо буџетско финансирање на целисходни научни проекти, со што ќе се одлепиме од дното на незнењето и ќе тргнеме кон напредок и прогрес. Затоа, со чувсто на најголема сериозност ги повикувам кројачите на буџетот, ако не можат да ги наголемат средствата за наука

барем да не ги намалуваат, зошто тие веќе се потрошени и испланирани  и неможе да се оди назад. Може само напред, односно на наголемување на средствата, а никако намалување што е случај со овој ребаланс.

Во областа на културата постои друга аномалија и нелогичност. Таму се наголемуваат платите на административните работници во Министерството за култура, во изност од 715 илјади денари, а се намалуваат средствата во износ од 22 милиони и 700 илјади денари во програмите по дејности односно за творештвото. Овде сакам да подвлечам дека не сум против наголемувањето на платите на администрацијата во Министеството за култура. Тие навистина се мали, но, мали се платите и во културните дејности во музелогијата, библиотекарството, а што да кажеме за создавачите на културата, на уметниците, писателите, музичарите, артистите и сл. Таму се повеќе од мизерни. И по наше мислење прво треба да се наголемат платите на создавачите и креаторите на културата, а потоа на администрацијата. Само така може да се дојде до поголема култура и поголема правичност во областа на културата. И кај заштитата кај културно историското наследство треба издвојување на поголеми средства. Бидејќи тоа е гордост и достоинство на сите нас и ако него навреме не го  заштитиме ќе останеме без него, а тоа нема да ни го  опростат нашите идни генерации, што доаѓаат по нас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Георгиевски.

Пред да му дадам збор на г. Ѓорчев би сакал да ги потсетам координаторите и замениците координатори за нашиот договор, претпоставувам дека г. Ѓорчев ќе зборува 15-тина минути и ќе дојде  15,00  часот, ќе треба да ги повикаат пратениците за да се обезбеди потребниот физички  кворум за да гласаме по двотретинскиот закон за кривична постапка.

Повелете г. Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дин претседател, почитуван минситер и други претставници на Владата на Република Македонија , почитувани дами и господа пратеници,

Јас на почетокот на моето денешно изјаснување по точката за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година би сакал да ги истакнам основните три карактеристики на Буџетот воопшто вклучително и на измените и дополнувањата кои се однесуваат на Буџетот.

Пред се Буџетот претставува календарска категорија, значи тој е временски сместен во период од 1.01.2004 до 31.12.2004 година . Потоа тој го квантифицира обемот на јавната буџетска потрошувачка и трето ја определува динамиката на трошењето на државната потрошувачка по квартали. Со таквиот начин овие три карактеристики во основа претставуваат директно содржинска димензија на севкупната буџетска политика или таканаречениот буџетски концепт.

Тој буџетски концепт кој што оваа година е предложен од страна на минситерот за финансии на почетокот на годината и сега во форма на изменување и дополнување на Буџетот, како буџетски ребаланс повторно во основа би сакал да укажам дека би требало да се потпира на три основни елементи на капиталистичкото општество, за кое што сметам дека недоволно го елаборира, не доволно зборуваме во овој Парламент и отука произлегуваат според мене и нелогичностите и недоследностите и егалитнатиностите кои се промовираат меѓу другото и во буџетската политика.

Прво, капиталистичкото општество е класно општество на поделени, сертифицирани граѓански слоеви и отука давачките пред се кои што во приходната страна на Буџетот на Република Македонија треба да бидат јасно поделени односно да се дава димензија повеќе на директните даноци, а не на посредните, индиректни даноци кои што подеднакво сите граѓани ги товарат.

Второ, капиталниот однос како осснвоен двигател на капиталистичкото општество се стреми кон средната просечна профитна форма секогаш и тоа претпоставува мобилност на капиталот односно селење од гранка во гранка и на капиталот и на работната сила и на стоките кои што се продукт во производниот процес. Таа димензија чинам дека воопшто во македонското општество не се анализира до крај и отука имаме имобилизација на огромни средства, меѓу кои што и средствата кои што претставуваат државна сопственост, средства кои што произлегуваат од Буџетот и средства кои што произлегуваат од дезавуираните средства во Народната банка на Република Македонија каде што огромен стабилизационен фонд е значаен во тековите и гарантира едно од основните сидра на макроекономската политика, а тоа е стабилниот курс на денарот.

Третата компонента , за која што исто така мислам дека се запоставува кога се креира буџетската политика, а тоа е потрошувачката, основен двигателна капиталистичкото општество за да дојдеме до профит во средна просечна профитна норма е потрошувачката, а не штедењето.

Тие се три оснвони репер точки кои што минситерот за финансии не може едноставно да ги преточи во институциите, затоа што за министерот за финансии секогаш се пресудни финансиските показатели. Сите министри за финансии си ја гледаат својата стручна, еснафска професија. За нив е важно и го подигнуваат својот рејтинг и работа доследно и правилно во Владата на Република Македонија доколку покажат дека финансиската димензија на Буџетот, и не само на Буџетот туку и на севкупната буџетска политика е добра и дека таа ги исполнува бројките, процентите, показателите, меѓутоа минситер за финансии, според нивното место не можат да го гледаат севкупниот дискурс на макроекономската политика, а тоа е реалниот економски сектор, што се случува во културата, што се случува во спортскиот сектор. Отука е конфликтот на интереси, затоа што тоа се посебни идентитети односно делови на макеоднската економија и општество кои што имаат свои идентитет и кои што се во конфликт на интереси меѓу другото и со овој буџетски концепт и оваа буџетска политика.

Сметам дека ние повторно промовираме како држава, низ делата на државата како институции, Владата, сега Парламентот, подоцна и низ подолните сегменти на административниот апарат на државата една финансиска димензија која што мислам дека 10 години наназад ја води Македонија во стагнација , која што ја води Македонија во една еганометриска зона на почитување на формули на модели, на принципи, но во основа за тие бројки, за тие проценти не се гледа физичкиот карактер дека стојат луѓе, дека стојат судбини, дека стојат човечки индивидуи или групи на луѓе кои што со таква стапка или онаква потставка или раздел во Буџетот се погодени во своето човечко живеење.

Отука гледано структурните реформи во Република Македонија кои што почнаа од таму каде што се создава производството во Република Македонија , почнаа пред трансформацијата на сопственоста, а сопственоста е основна манифестација на производниот однос, капитализмот, почнаа структурните реформи во претпријатијата и требаше да продолжат во сите делови на македонското општество. Требаше да продолжат во независната судска власт, требаше да продолжат во административната власт, тоа сме ние, Парламентот, Владата, Локалната самоуправа, претставниците на власта и сите оние административни работници на државната управа. Но, за жал според мене структурните реформи затоа што овие три основни карактеристики на капиталистичкото општество не се елаборираат до крај се води една, би рекол, егалитарна политика пред се во делот

на дејностите, не може да бидат спроведени и во делот на буџетската политика и сосема нормално државата останува надвор од таа буџетска политика, надвор од таа структурна димензија на реформите и оди во реформи само на оние сектори каде што едноставно може да засече и каде што нема да има последици по политичкото, социјалното, а би рекол и социјалната димензија на живеење, оди на реалниот економски сектор кој што претставува основно податливо јадро на севкупниот живот по однос на буџетскиот приход. Значи тоа е таа карактеристика дека Буџетот не е реформски и не може да биде затоа што тој е оптоварен со димензијата на преговори со меѓународните институции, што е мошне интересно за тие институци кои што ги користат сите тие идеи и не учат на аксионите на капитализмот и не споредуваат токму со оние земји за кои што ќе ни речат вие сте сиромашни, вие так ане можете да правите, вие не можете да земате од девизните резерви позајмица како што зема Францускaта Влада 10 милијарди евра, вие не можете да акредитирате 500 милијарди да го зголемите вашиот двоен Буџет за интервенцијата во одредени деови во светот, како што впрочем тоа го прават Соединетите американски држави, или вие не можете како Кралството Англија да земете од своите девизни резерви за да го решите прашањето на брокерите или она што претставува трансферот низ отворените бордови што било секогаш одлика на англиското кралство. Значи, едноставно тие принципи за нас не важат, ние сме сиромашни,ние немаме пари и ние тие принципи не можеме да ги преточиме во нашата буџетска политика. Тука е оснвониот проблем на нашиот развој кој што нашиот почитуван пратеник Љубисав Иванов Ѕинго го наметна како тема за дискусија кога е во прашање буџетската политика.

Значи кога се во прашање бројките, проценките, јас апсолутно му давам право на министерот за финансии дека тие бројки се сигурно точни затоа што луѓето кои работат во државниот административен апарат си ја знаат работата, бездруго си ја знае работата и министерот за финансии. Но се работи за следново. Што значи бројката “Кредитната активност во првиот квартал е зголемена за 20,8%, а во вториот квартал за 25% на национално ниво”. Каде е тука вистината за користењето на акумулираниот домашен капитал во македонските банки? Колку пари и колку кредити и колку кредитни линии од странство се искористени заедно со домашната акумулација и по основ на тоа да имаме од другата страна, значи референтен одговор, а тоа е пораст на бруто општествениот производ пораст на бруто општествениот доход. Ако на почетокот констатираме за реперните клучни точки

дека бруто општествениот производ го проектиравме 4%, а заради енормниот пад на индустриското производство моравме сега да го резидејнираме да биде само 2,6% и покрај тоа што другите сектори: земјоделство, индустрија, градежништво, сообраќај растат, ама ние не можеме да ги делиме секторите. Тоа е номенклатура стопански гранки во целина. Ние имаме објективно поместување од реперната точка. Значи ние не можеме да го реализираме проектираниот раст од 4%, ние одиме на раст од 2,6%. Значи нешто не чини во проекцијата.

А кажав зошто не чини, не чини појдовната точка, не чини што немаме почитување на основните приниципи на капитал, односот на капиталистичкото општество. Не чини што не ни даваат таму каде што сакаме да одиме да ние како граѓани во Република Македонија ги имаме истите благодети што ги уживаат високо развиените земји и затоа, мислам дека не ќе беше на одмет доколку во овој буџет, во овој ребаланс на буџетот беше вметната и таа димензија на тоа како македонскиот човек, низ таа призма се гледа, како низ призмата на кредитна активност да се гледаат претпријатијата во услови кога банките едноставно поставуваат невозможни услови за кредитирање. Вие треба да поднесете, за да земете еден земјоделски кредит, хипотека на објект, и тоа хипотека на имот во град, иако живеете на село, затоа што немате имотен лист, а немате затоа што нема урбанистичка согласност, нема фото урбанистички план, немате имотен лист. Имате куќа што е само урбанистички евидентирана во урбаниот план на населеното место. Мора да поднесете документација од град, притоа, вредноста на објектот да биде три пати поголема од вредноста на кредитот. Потоа треба да пополните уште 50-тина обрасци па да чекате три месеци банката да ви го одобри тоа и тука, во таа содржинска активност на банкарскиот апарат кој што не е толку добар, ниту малку не е подобар од Министерството за финансии или од работењето на Македонскиот Парламент, ама е моќен, оти во капиталот парите го диктираат поредокот. Затоа е моќен, иако имаат 30% во македонскиот банкарски систем сомнителни спорни побарувања, затоа им се каматите скапи, затоа им се процедурите бавни, затоа што не се реформирани тие како што не сме реформирани ни ние во административниот државен апарат.

Или, што значи дека каматните стапки се намалиле во просек за 2,1%. Тие се намалиле за 2,1%, но во услови кога инфлацијата е нула или се движиме, како што кажа почитуваниот министер за финансии од 0 до 0,5% што тоа значи за општествената стапка на рентабилност? Како ние ќе го измериме дека

поклопувањето на паричните фондово, на стоковните фондови е значи нула, нема инфлација, реално го вреднува македонскиот капитал.

Колку тој вреди? Тој вреди толку колку што ќе оствари продуктивност, колку што ќе оствари рентабилност и колку што ќе оствари производ што во меѓународната поделба на трудот ќе се измени со некој друг производ. А, ние тука имаме дефект. Имаме дефект затоа што во меѓународната поделба на трудот, во размената на македонскиот производ и во размената на странските производи ние имавме 1993 година 960 милиони долари трговски дефицит. Сега велиме извозот расте, сигурно е точно во проценти, 11,9%, можеби грешам во некој процент, но тој расте.

А, што ќе кажеме кога на крајот на годината ќе видиме дека трговскиот дефицит ќе биде над 900 милиони долари? Заради нискиот долар према еврото можеби пак ќе го сочуваме нивото на девизни резерви, но во основа ние, во меѓународната поделба на трудот излегуваме со еден концепт, со една вредност на македонскиот капитал што не е реална. Таа вредност не е реална и затоа ние толку губиме, затоа нашите луѓе кои работат во реалниот економски сектор им се исплаќа да увезуваат повеќе, оти тие стоки се многу поефтини, а македонската стока е многу поскапа. Поската е, затоа што тие пари што ја мерат таа стока, едноставно, не ја одразуваат нејзината вистинска вредност. Тој наш македонски денар е прескап.

Оттука, тоа основно сидро - држење на стабилниот курс на денарот, предизвикува огромни проблеми. Ни прави дефицит, ни прави затворање на капацитети, огромни трошоци. Секој увезен репроматеријал, дали земјоделски, дали градежен, дали е во делот на кожарската, на текстилната индустрија, заради тоа што имаме прескап денар е поскап, а сме ја либерализирале македонската економија. Влеговме во процесот на трансформација, потпишавме огромен број на договори за слободна трговија. Тука мораме да го бараме одговорот на прашањето кога ќе смогнеме сили реално да го вреднуваме македонскиот капитал, реално да ја вреднуваме вредноста на македонскиот денар. Тогаш и буџетот ќе има вистински приходи на приходната страна.

Нешто околу бројките, конкретно во врска со тоа што говорев за потрошувачката и за граѓанското класно општество.

Во Извештајот што ни беше доставен за Предлогот за измена на Буџетот се кажа дека досега се остварени, по основ на даночни приходи околу 30 милијарди денари на приходната страна на Буџетот на Република Македонија. Од тоа 48,8%

отпаѓа на ДДВ. Јас тука говорев и за ребалансот на Буџетот за 2003 и кажав, кога беше еден друг министер за финансии дека ние кога проектиравме дека стапката ќе ја зголемиме на многу производи од 5% на 18%, иако повисоката стапка од 19% ја намаливме на 18%, ние проектиравме раст односно зголемување на фискалниот обрт за 4 милијарди денари на македонскиот реален сектор. Го зголемивме македонскиот реален сектор. Го товаривме македонскиот реален сектор. 16 милијарди денари беа трошоците по основ на ДДВ до крајот на 2002 година.

И, да ви кажам, бидејќи како лична реминисценција на еден период, 1999 година исто така со еден друг министер за финансии разговаравме дека товарот на ДДВ не смее да премине преку 9-10 милијарди денари, дека тоа ќе биде при таква ригидна монетарна полика, такво одземање на последниот би рекол атом или последната капка крв на македонскиот јавен сектор што тој тоа утре нема да го издржи, оти, по дефиниција, зголемената фискализација ќе го зголемува товарот и македонскиот граѓанин ќе паѓа се подолу. Оттука е падот на индустриското производство. Оти, тогаш, 2000 година дојде еден друг министер кој што проектираше стапка на ДДВ, веднаш се инкасираа уште 6-7 дополнителни милијарди денари и тоа беше неповратно завршен процес. Од тука реалниот македонски сектор не се опорави. Од година на година само повеќе го товариме. Тој пропаѓа и пропаѓа и не може да биде, а од тука се црпи производот, од тука се црпи вредноста.

Нова вредност создава трудот. Живиот труд, вработените. А, ние, вработените ги доведовме во Република Македонија да бидат во малцинство во однос на оние што се невработени. Или пак вработените, од работноспособното население во Република Македонија едвај 200 илјади, од околу 800 илјади работоспособно активно население работат по некои стандарди, принципи на, пак ќе кажам, на продуктивност, рентабилност, економичност. 120 илјади вработени земаат плата со задоцнување од 3 до 6 месеци. Уштo 100 илјади работници се борат со стечајни постапки, ликвидациони постапки, постапки на блокади, на судски процеси што траат со години.

Оттука, проблемите на она што кажав, на неможноста, ликвидната неможност што во континуитет се пренесува не е тоа прашање, јас кажав календарска димензија, ја посочив годинатана почетокот за да кажам дека тоа е така во оваа година и ние не можеме поинаку. Бројките се тие. Но, тоа влече корени многу од поодамна. Влече корени од 1999 година, влече корени од 1995 према 1996 година, влече корени од 1994 кон 1995 кога почнаа првите преговори со ММФ.

Едноставно би рекол дека од таа слепа улица не сме излегле и не можеме бидејќи слепо се држиме за таа сега повторно пренесена, како да ја наречам, хипотеза, дека внимателната монетарна и буџетска политика ќе обезбедат натамошна макроекономска стабилност во Република Македонија. Тие ќе обезбедат макроекономска стабилност, ама таквата макро економска стабилност не обезбедува развој веќе 10 години во Република Македонија. И веќе 10 години го зголемуваме бројот на невработени и дојдовме до бројка од 388 илјади лица, близу, како што кажа господинот министер, дојдовме до бројка од 500 илјади граѓани кои земаат дневно, кои имаат прихади под 150 денари по човек. Тоа е по стандардите на УНДП апсолутна сиромаштија. Значи, ние 25% од македонското граѓанство го имаме во апсолутна сиромаштија.

Дојдовме до бројка во која што неликвидноста е таква, некаде над 1,5 милијарди се внатрешните долгови, мислам на денари, помеѓу стопанските субјекти и банките по основ на каматни товарења, судските процеси, дека загубата на национално ниво е поголема од добивката на национално ниво и оттука нам ни опаѓа и покрај објективното опаѓање на персоналниот данок, прприходите од персоналниот данок и приходите од данок на добивка заради даночните олеснувања по основ на странски инвестиции за да ги направиме атрактивни домашните претпријатија или стопанските субјекти, но има и тука факт дека ни опаѓа затоа што пропаѓаат претпријатија. Нема од кого да земете персонален данок, нема од кого да земете данок од добивка и тоа е елемент што влијае на намалување, скоро 500 милиони денари на данокот на добивка и 333 милиони денари на персоналниот данок од доход.

Значи, во една таква структура на реализирани 30 милијарди денари, до овој период, би рекол до денес, 48,8% отпаѓа на ДДВ. Тоа покажува дека повторно ние сите македонци исто ги товариме. ДДВ е посреден данок, тоа е данок во прометот, само најдовме систем тој данок да биде преку компјутерските механизми, преку фискалните каси, едноставно најлесен механизам за прибирање на средства во буџетот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, како пред тоа го полневме буџетот на Република Македонија? Преку кои инструменти кога не постоеше ДДВ? Го полневме и тогаш. Но, тогаш бевме сеуште, би рекол, во една почетна транзициона фаза, а сега сме на крајот на приватизациониот процес. Сега, ние веќе не можеме така да го полниме оти има многу богати граѓани во Република Македонија. Има многу богати граѓани

кои можат да платат за тоа што имаат поголемо богатство и поголеми даноци во Република Македонија, а тие не ги плаќаат. За ова говорев кога зборував за општинската приходна страна на буџетите на општините, за данокот на имот. Тој треба да биде главен данок во капиталистичко општество. Тој треба да биде прогресивен, пропорционален данок, тој што на општеството му дава најмногу, треба најмногу и да му земе. Минатата година го дадов примерот со тенисерката Штефи Граф на која секој остварен приход над одредена сума во Германија плаќа данок 98%. А, за имотите што ги има во недвижност плаќа данок на вишок на станбен простор, плаќа данок на вишок на простор за користење на викенд, за одмор и рекреација.

Едноставно, ние тоа не го воведуваме и затоа не правиме структурни реформи во Буџетот. Кај нас и сиромавите, што примаат, заради ограничената јавна потрошувачка 9 илјади денари во Министерството за труд и социјална политика и тој кој како директор на приватна фирма зема 320 илјади денари, уредно ги плаќа сите даноци, тие подеднакво плаќаат 18% стапка на данок на промет за одреден апарат што го користат и тие и тие. Меѓутоа, кога е во прашање данокот на имот, исто тој плаќа на своите 40 $км^2$ станбен простор некоја стапка, исто тој плаќа на своите 4 илјади метри станбена површина иста или приближно иста стапка. Затоа ние не можеме да имаме структурно реформиран буџет.Богатите во капитализмот го водат прогресот. Од сиромаштијатанема фајде во капитализмот. Сиромаштијата мораме да ја помагаме, а на богатите мораме да им го земаме делот на она што тие го стекнале низ капиталистичкиот процес.

Исто што е многу важно во делот на акцизите, намалувањето на акцизите, само уште ова членче ќе го коментирам, се намалени за 190 милиони денари заради намалено производството на тутунски добра. А, намалувањето на тутунските добра се должи на тоа што ние, ќе зборувам и кога ќе биде амандманот за земјоделие, не би сакал да ја оптоварувам оваа дискусија, се должи на тоа што ние не сакаме да разбереме дека ние мораме, ако се движиме кон Европа, да даваме субвенции на земјоделското производство. Ние тоа до денеска не го правиме. Оттука, ќе ни се намали тутунското производство, а во иднина ќе ни се намалуваат и акцизите. Верувајте. Ако не го донираме тутунското производство, а тоа го прави Бугарија, Грција, Турција, Србија и Црна Гора, тутунот и понатаму ќе опаѓа и ќе имаме повторно пад другата година на акцизната стапка.

Во делот на моите препораки, накратко, како пратеник, со моето скромно размислување, сакам да кажам како би можеле да дојдеме до подобар буџет, реформиран буџет и да му помогнеме, ако е тоа можно, на министерот за финансии тој да го брани тој буџет пред меѓународните институции. Јас ја разбирам неговата ситуација, тука можеме да зборуваме се, но кога ќе се седне пред меѓународните претставници е нешто друго. Силата секогаш тешко може да се скроти или тешко може некој да се спротивстави на сила и сега, би ги кажал моите размислувања за буџетот.

Најпрво, дали би можело со задолжување со краткорочни хартии од вредност да се оди до оној праг што претставува стабилизационен фонд на Народната банка на Република Македонија. Тоа е сепак неинфлаторно финансирање. Државата може преку, досега се проектирани 2 милијарди денари за задолжување со хартии од вредност, дали може тоа да го направиме на 4 милијарди денари па во тие 2 милијарди денари сите оние иницијални стимулации за извоз, субвенции во земјоделието, за афирмирање на социјалната димензија да можеме тука да ја проектираме и така да го помогнеме буџетот, да тој учествува креативно во развојната димензија на македонското општество. Тоа е мојата прва размисла.

Втората е, дали е можно при ваков огромен пад на индустриското производство, дали е можно да размислуваме за ослободување на фискалниот товар до делот на данокот на добивка? Тој се плаќа аконтативно, па тогаш барем со временско пролонгирање од 3-6-9 месеци да им овозможиме на луѓето да дишат и своите производи, да речеме во делот на текстилната индустрија да можат да бидат поефтини во натпреварот со јапонците, претежно тајванците или другите азиски земји што жестоко конкурираат на американскиот пазар каде нашиот текстил 90% се извезува. Така ние, со едно такво мало даночно олеснување на тој фискален товар да му помогнеме на “Тетекс”, “Герас Цунев”, на “Алкалоид” - Берово да биде поконкурентен и да доведе повеќе девизи во македонската економија и македонското општество.

Потоа, во делот на акцизите, пак ќе кажам, акцизите се плаќаат на луксузни добра. Луксузните добра најмногу го користи богатиот слој или побогатите слоеви. Можеме да ги зголемиме акцизите затоа што луксузните добра во Германија, еден литар бензин чини 68 евроценти поскапо од Австрија, поточно Боварија, затоа што така оценила Баварската Влада дека треба да плати тој кој што сака да вози, а БМЊ е куќа што е главен двигател на развојот во Баварија, треба да

плати поскап бензин. Можеби не е реперен пример, можеби е подобро да го направиме кај цигарите, можеме кај алкохолните пијалоци, затоа што ние произведуваме алкохол. Немаме нафта, произведуваме алкохол, произведуваме цигари и тоа можеме да го направиме кај тие стоки.

Кај данокот на имот, веќе говорев дека тоа можеби веќе наредната година ќе мораме да го етаблираме како основно средство за елементација пред се на локалната самоуправа, вистински адут во децентрализацијата.

Во делот на приходите од Агенцијата за приватизација, моја замолница е и до министерот за финансии, дека не можат тие средства, кога се трансформира општествена сопственост што била на вработените, а сега оди во приватна сопственост, тие средства да одат за други буџетски намени. Тие треба да одат за вработените. Дали за нивни нови вработувања по еден или друг закон, дали за преквалификација, обука или слично, но тие средства да не се користат за покривање на буџетски дупки.

На крајот, во делот на концесиите, во делот на експлоатација на националното богатство на Република Македонија многу малку приходуваме преку концесии во државната каса. Треба да се запрашаме, ако една градежна фирма што треба да добие сертификат од Институтот за рударство, треба да плати за сеизмичко испитување на земјиштето, треба да донесе земјиште, да го набие тоа земјиште, ако тие плаќаат по 100-200 илјади евра за трошоци за развој на таа дејност, како може тогаш Циментарата “УСЈЕ” или други објекти што користат национално богатство, лапорец во Република Македонија, колку тие плаќаат во однос на дивидендата, колку тие плаќаат во однос на добивката што ја имаат во Република Македонија? А, во последниве 4 години имаат големи добивки. Ако проверите, ќе видите дека не плаќаат ништо. Како држава мораме да си го почитуваме националното богатство, а концесиите можат да бидат голем приход во буџетот на Република Македонија.

Јас приврших со мојата дискусија господине претседателе 13 минути повеќе.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега би ги молел службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 90 пратеници.

Моментално ја прекинувам 81-та седница за да продолжиме со работа по 77-та седница на Собранието на Република Македонија.

( 81 седницата прекина во 15,10 часот).

По завршувањето на 77-та седница:

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со Осумдесет и првата седница.

Има збор господинот Китановски, а потоа нека се подготви господинот Ангел Димитров.

(Со седницата продолжува да претседава госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувани колеги пратеници, господине министре,

Со внимание го слушав експозето на почитуваниот министер за финансии и од чисто стручна или економска гледна точка нема некои посебни забелешки. Факт е дека и експозето и она што претставува ребаланс на Буџетот е стручно сработено, онака како што и во оние рамки во кои што се движат новите проекции во Буџетот за 2004 година.

Меѓутоа, главната забелешка на експозето моја, се однесува на тоа што министерот за финансии се пушти во објаснување или разубавување дури и на општествените текови, посебно на некои трендови кои што не се воопшто ниту по вина, ниту во домен на Министерството за финансии. Така да навлезе во сфера на тоа дека вработувањата во Република Македонија за 2004 година, односно трендот на невработеноста, на порастот на невработеноста е запрен и така натаму. Мислам дека со игра на бројки, со спореддување на податоци и со несоодветно спроведување на податоци, можеме да дојдеме до вакви или до онакви заклучоци, меѓутоа, факт е дека состојбата во државата е таква каква што е. Дека веќе втор квартал имаме официјален пад на бруто домашниот производ, дека драматичниот пад на индустриското производство продолжува, можеби не до дотолку драматични размери, како во првите две тромесечија и сметам дека тој дел од експозето на министерот, навистина можеби би требало да го има премиерот на Владата во

образложение на политиката на Владата, помалку министерот за финансии, во еден ребаланс во ограничени рамки.

Меѓутоа, од друга страна пак носењето на ребалансот на Буџетот има навистина тежина, како и самото носење на Буџетот затоа што самиот тој ги покажува трендовите, тенденциите во општеството, посебно во економските сфери каде што како соодветна последица на тие текови, на тие трендови, имаме варирања во проекциите, односно неостварување на проекциите кои што се предвидени во буџетската 2004 година, посебно во делот на приходите, односно на приходната страна и нормално она што е кажано, еснафски добро сработено, тоа е таа распределба, односно реалокација на средствата по позиции, ставки и потставки, иако и тука има редица забелешки кои што држат место, меѓутоа, ќе почнам со она што значи трендот на намалување на царинските приходи, посебно приходите од увозни давачки, кои што од почетната проекција на приходите од царината која што изнесуваше 5,9 милијарди денари, сега се намалува на 5,3 милијарди денари, средства кои што износ најверојатно, нема да се остварат и вака проектирани до крајот на годината, бидејќи според досегашното темпо, остварувањето би требало да се движи некаде околу 4,9 до 5 милијарди денари.

Во исто време, вредноста на редовниот увоз врз кои се остварени давачки е најголема во вкупното постоење на Царинската управа како државен орган и на крајот од годината се очекува таа да достигне вредност од 2,1 до 2,2 милијарди долари.

Држат место образложенијата дека дел од оваа огромна диспропорција се должи на курсните разлики, бидејќи во долари се пресметуваат сите вредности, а знаеме соодносот на доларот и еврото како се движеше годинава. Исто така, држат во еден дел можеби образложенијата во експозето на министерот дека договорите за слободна трговија, кои што ги имало и во минатите години, влијаеле на тоа и она што како главен аргумент во образложението за падот на овие приходи го кажа дека практично се работи за тоа што заради овие договори за слободна трговија, заради влегување на Македонија СТО пондираната царинска стапка е во постојана тенденција на опаѓање, меѓутоа, за илустрација, бидејќи министерот имаше табели од неговите, меѓутоа и јас имам некои табели во кои што вели дека во 2001 година, која што беше година на воени дејствија, при остварена вредност на увоз од 1,3 милијарди долари, остварени се приходи од 6,1 милијарда денари.

Пондираната стапка која што ја образложуваше министерот како една од причините за овој пад на остварени приходи од увозни давачки, во 2001 година изнесуваше 4,6%, според неговото искажување од експозето. Додека во 2004 година изнесува 3,42%.

Разликата, односно процентуалната разлика помеѓу овие 2% на пондинирана џаринска стапка изнесува некаде околу 25%. Значи падот од 2001 до 2004 година, што ги земаме како споредбени години, изнесува некаде околу 25%. Меѓутоа, зголемувањето на вредноста во милијарда УСА долари е скоро за 85% зголемување. Значи, не е дел од овој пад на приходи. Се должи на тоа, меѓутоа, не е тоа единствената причина, ниту овие две кои претходно ги наведов и мислам дека нема потреба и причина сите овие работи да се образложуваат односно да се бара причина било каква во објаснување, во споредување на податоци, во пондираната царинска стапка и така натаму, а воопшто да не се остави можност дека имаме пропусти во работењето на царинските и другите органи кои што треба да се грижат за прибирање на приходите во државниот буџет.

Кога сме кај инфлацијата, исто така стои констатацијата дека неостварувањето на проектиранaта инфлација, влијае во остварувањето на Буџетот и тоа е факт, но во исто време би се запрашал која проекција Владата на Република Македонија ќе ја оствари оваа година, бидејќи досега ги примаши сите можни, ја промаши проекцијата за бруто домашниот производ, имаме пад во два квартали на бруто домашниот производ, а проекциата беше пораст од 4%, ја промаши проекцијата за инфлацијата, проекцијата за приходите за акцизите и проекцијата за дел од приходите од царините. Значи, не се работи овде да правиме споредба во однос на лани дали е направено зголемувањето, односно дали има зголемување или не, туку ребалансот на Буџетот, практично се прави заради тоа што е направено промашување во проекциите на планираните приходи.

Исто така, факт е дека ваквото ниско ниво на инфлацијата има неповолен ефект врз стапката на економскиот пораст.

Следната работа што паѓа во очи по ребалансот тоа е една од помалите што навлегуваме во реалокација на средствата во расходниот дел на Буџетот. Значи во ребалансот се предвидуваат средства од 500 до 600 милиони денари, таканаречениот Бранков закон, кој воопшто не ја подобри состојбата на пазарот на трудот, туку напротив направи ерозии во пазарот на трудот.

Ова ќе се обидам да го илустрирам со неколку факти и податоци. Имено, при оценката на ефектот од овој закон, единствено се говори за бројот на вработувања остварени со законот, без притоа да се направи подетална анализа.

Според податоците од Заводот за вработување во текот на 2003 година и покрај примената на овој закон новите вработувања бележат годишен пад. Сепак, мора да се напомене дека во текот на 2003 година има извесно подобрување во смисла на пораст на учеството на врботување во евиденцијата во вкупните вработувања, што е и интенција на самиот закон. Се работи за лица кои се долгорочно невработени или отпуштени поради структурни реформи.

Подобрување исто така постои и во смисла на зголемено учество на вработувањата на неопределено време, на сметка на вработувањата на определено време. Значи постои зголемено учество на вработувањата на неопределено време на сметка на вработувањата на определено време. При оценката на овој закон мора да се земаат и ефектите, таканаречените ефекти на супституција и нет загуба, кои се испитуваат секогаш, кога се оценува било каков проект.

Овие ефекти ги потенцираше и Светската банка кога го даваше своето стручно мислење, во врска со овој закон.

Накусо, нето загуба во оваа смисла значи дека ефектите од Законот не се разликуваат од она што би се случило во отсуство на негова примена. На пример ако 100 работници кои се вработени преку законот, 80 би биле вработени и без него, тоагш нето загубата е 80. Ефектот на супституцијата се однесува на ситуацијата кога наместо работодавецот да вработи лице кое најмногу му одговара, тој ќе вработи лице за кое може да искористи субвенционирање. Во овој случај е лице кое не било вработено над една година, или лице од другите категории содржани во законот.

Практиката покажува дека овие ефекти се помали кога субвенционирањето е потаргетирано, но сепак, нивното настанување неможе да се елиминира. Фактот дека на годишно ниво нема пораст на нови вработувања, говори дека овие ефекти се мошне неповолни, односно големи во Република Македонија.

Во образложението на Буџетот стои дека Република Македонија нема да ја оствари стапката на пораст од 4%, но тоа на почетокот го кажав, никаде не пишува дали Владата има некаква проекција, колку таа ќе изнесува до крајот на годината.

За потсетување уште еднаш, бруто домашниот производ оствари пад во првиот квартал од 3,2%, а во вториот од 0,2%, наспроти проектираните 4% покачување.

Она што е забележливо, а што го истакнаа и колегите пратеници и од позицијата и од опозицијата е намалувањето на капиталните расходи за некаде 800 милиони денари, поради неспособноста на одредени ресори на Владата да ги искористи тие средства, иако официјално стои дека со донесувањето на законот за јавни набавки и зајакнатите процедури се причина за тоа.

Исто така, потпрашање е дали предвидените средства за Макпетрол по пресуда на Врховниот суд од 240 милиони денари, треба да бидат дел од овој буџет, затоа што веќе имаме иницијатива од Јавниот правобранител, со кој што ја оспорува воопшто целата постапка и оваа одлука.

Потоа имаме позиција заштеда од 500 милиони денари поради исплата на правата по основ на невработеност, а тоа сепак се должи на доцнење на реформите. Намалувањето на социјалните надоместоци и надоместоците за детска заштита од 115 милиони денари, не би требало да стои во овој ребаланс и држава каде што секојдневно се зголемува бројот на невработените, неможе да си дозволи да се намалуваат социјалните трансфери.

На крајот, кога сме кај буџетскиот процес, воопшто, крајно време е Владата да отпочне да подготвува буџет за тригодишен период, каде што во буџетска рамка би ги ставила сите нејзини планови и програми, ако воопшто ги има и потребите на граѓаните.

Само за потсетување, сите земји во Југоисточна Европа веќе неколку години правата ваков буџет почнувајќи од Албанија, Хрватска, Бугарија и слично. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Збор има господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратнеици,

Во образложението кон предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година стои дека при концепирањето на ребалансот на Буџетот за 2004 година, Владата на Република Македонија се повела од потребата со внимателна фискална и монетарна политика да придонесе за натамошно зацврстување на макроекономската стабилност. И сето ова би било во ред, доколку при анализата на остварување на Буџетот за првите седум месеци од годината не дојдоа до заклучок дека ова претставува единствената остварена цел

на макроекономската политика за 2004 година, па дури и во услови кога нејзиното остварување негативно влијае на останатите поставени цели и приоритети.

Ќе се обидам преку анализа на неколку показатели, ова мое тврдење да го образложам. При конципирањето на Буџетот за 2004 година, се предвиде стапка на инфлација да изнесува 2,8% и дека за да се оствари истата и понатаму ќе се продолжи со политиката на таргетирање на остварениот курс на денарот во однос на еврото.

Резултатите за првите седум месеци покажуваат дека за да се одржи рамнотежа на девизниот пазар и оствари стабилноста на девизниот курс на денарот во однос на еврото, Народната банка и Владата мораат преку познатите мерки на продажба на девизи од девизните резерви, со зголемување на каматните стапки на благајничките записи и другите мерки на прибирање на вишокот денари од оптек, да ја намалат инфлацијата на помалку од 0,5%, значи скоро 0%.

Ова значи дека одржувањето на фиксниот курс на денарот влијаеше на задржувањето на инфлацијата далеку под нивото на предвидената инфлација. Пред некој ден, кога со еден пријател разговаравме на оваа тема, ми рече дека нашата политика на фиксен девизен курс му личи на ситуација кога на возач на фичо му се наложува да го следи мерцедесот пред него по секоја цена. Во таков случај набргу на фичото ќе почнат да му отпаѓаат деловите од шасијата и другите делови, се додека не му цркне и моторот. Се разбира фичото, во овој случај нашиот денар, сигурно не е еврото. Но да одиме понатаму. Главен приоритет на макроекономската политика за 2004 година беше да се интензивираат стапките на економски раст. Притоа, планираната стапка на раст на бруто домашниот производ беше за некој скромни, за некој значајни 4%, а основниот двигател на растот требаше да биде интензивната инвестициона активност, во која посебен придонес требаше да дадат јавните инвестиции.

Ова е цитат од образложението од донесувањето на овој буџет. И, што се случи? Набавените стоки и услуги за 7 месеци изнесуваат 4 милијарди и 40 милиони денари и се за 6% пониски од планираните. А, капиталните расходи се реализирани во вкупен износ од 2 милијарди и 474 милиони денари и се за 6% пониски од планираните. Капиталните расходи се реализирани во вкупен износ од 2.474 милиони денари, и се дури 40% пониски од планираните. Не сакам да образложувам кои се причините за ваквите нереализирани капитални расходи и колку на тоа влијаел Законот за јавни набавки. Министерот за финансии во своето излагање

истакна дека Владата го има конципирано овој случај и дека подготвува законски измени оваа состојба да се подобри. Наспроти очекувањата на позитивните движења во индустрискиот сектор, остварен е голем пад на индустриското производство, а планираната стапка на пораст на вработеноста од 3% е навистина тешко да се оствари. И што е најчудно, и понатаму се тврди дека ќе се продолжи со монетарната стратегија за тергитирање на девизниот курс на денарот во однос на Еврото и дека ваквата монетарна политика, комбинирана со дисциплинирана фискална политика ќе има позитивен ефект на натамошното релаксирање на монетарната политика и намалување на каматните стапки на банките. Не ми е јасно како ќе ги намалиме каматните стапки на банките, кога заради одржување на курсот на денарот ги зголемуваме каматните стапки на благајничките записи. Ова го утврдија некои директори на некоклу деловни банки. Кој е тој банкар. Кој ќе пласира средства и тоа во стопанството со пониски каматни стапки, кога народнсата банка ги зголемува каматните стапки на благајничките записи, кои за разлика од пласманите во стопанството, мораме да признаеме, се многу понеризични, скоро воопшто немаат ризик. И покрај ниската инфлација и стабилниот курс на денарот со години наназад нашите банки и понатаму најголемиот дел од своите средства, особено од девизните депозити, без разлика дали се тоа на физички лица или од фирми, ги држат во странските банки. Значи, сета оваа монетарна стабилност што ја имавме во последните 10 години не ги убеди, не ги охрабри нашите банки овие средства да ги пласираат овде или да ги чуваат во нашите банки. Заради сето ова што го набројав повторно се поставува прашањето дали и понатаму треба да се продолжи со политиката на водење со побарувачката или подобро кажано ограничување на побарувачката која се покажа успешна во одржување на стабилноста на цените, но негативно влијае на одржливиот економски развој Или, треба да се води порелаксирана монетарна политика, со која стапките на инфлација ќе ги држиме некаде околу 5%, со што позитивно ќе влијаеме врз зголемувањето на агрегатната побарувачка, која позитивно ќе влијае на производството и на вработеноста.

Ова, од друга страна, поради депресијацијата на курсот на денарот позитивно ќе влијае на зголемувањето на извозот и на намалувањето на трговскиот дефицит кој бележи постојано зголемување, барем во номинала. Јас се сложувам со оние креатори на монетарната политика кои изјавуваат дека играњето со курсот на денарот не може да доведе до економски раст. Но, од друга страна не можам да сватам толку цврсто држење до курсот на денарот и создавање на состојба на

нултна ситуација во услови кога сите други приоритети на макроекономската политика бележат негативни или недобри резултати. Дали тоа политиката на цврст курс на денарот станува политика сама за себе. Македонија е држава со руинирано стопанство после годините на транзиција, со слаба конкурентност на странските пазари и фирми кои се желни за капитал и за инвестиции и за развој. Од друга страна, секој потег на порелаксирана монетарна политика предизвикува веднаш притисок врз девизниот пазар и мерки за стабилизирање на истиот, кој во суштина значат истегнување на денарот од оптег. Во вакви услови и овој предлог на ребаланс на буџет е со таа намера, да се спречи евентуалната фискална експанзија во последните три месеци од годината, што може да го наруши девизниот пазар и курсот на денарот.

Што се однесува до отстапувањата во реализацијата на буџетските приходи и расходи, за овие 7 месеци, тие се незначителни, а министерот за финансии во свето излагање сосема аргументирано,мислам и ептен доволно ги објасни причините и последиците од истите, како за прибирање на приходите по основ на царини и сите други приходи. Затоа, дали правилно се одбрани кои буџетски расходи и за колку се намалени немам некои конкретни забелешки и се надевам дека ваквите консултации и усогласувања помеѓу Министерството за финансии како изготвувач на ребалансот и по одделните министерства и другите буџетски корисници се навреме направени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Ребалансот на буџетот за 2004 година е нормална работа и очекувана на крајот на годината односно после секое планирање кое што го имаме со буџетот да направиме и еден ребаланс бидејќи сигурно е дека не може до крај да се погодат бројките кои што се планираат. Кај нас јас постојано го спомнувам тоа многу лошо изгледа планирањето, така што навистина се појавуваат големи разлики во бројките. Ние процентуално земено гледаме дека имаме во сите сфери кога се предлагаше буџетот, во делот на приходите, во делот на макроекономската политика, во делот на вработувањето, очекувањето, во делот на растот на бруто националниот одход и ред други работи, огромни проценти на разлики во однос на планираното и

добиеното. Така што, да кажеме дека имаме бруто национален доход планирано од 4% раст, сега имаме пад од 3%, а имаме разлика од 7%. Или сумата за вкупните приходи од 2 милијарди е исто така доста висока и тоа е некој си 4% разлика во однос на планирањето на приходите. Се надевам дека ќе можеме поуспешно да планираме понатаму и ребалансите што ќе ги правиме ќе бидат со помали проценти или поситни бројки.

Инаку, ако го погледнеме овој ребаланс, ќе видиме дека можеби не е толку страшно она што е постигнато, колку што е страшно каде сме потфрлиле дса675 речеме во делот на приходите. Најголем пад на приходите се гледа дека имаме кај изворните приходи на државата. Посебно, кај увозните давачки, една огромна разлика, кај данокот од добивка исто така е доста голема разликата, а и кај персоналниот данок. Инаку, анализата поединечно за сите овие приходи е во тоа што имаме потфрлање доста високо, покажува дека во Македонија се оди се подолу и подолу. Еве, да ги земеме увозните давачки. Точно е тоа што го кажа министерот дека ние одиме на либерализација со договорите за слободна трговија кои што ги потпишавме со земјите во изминатите години, со потпишувањето и претставувањето кон Светската трговска организација, со ЕУ, и дека овие приходи од царинските давачки ќе бидат се помали и помали. Но факт е дека и сите го гледаме тоа дека во Македонија, сивата економија, посебно шверцот со акцизна стока е сеуште во пораст. Ние на секоја улица можеме да видиме посебно во главниот град на Република Македонија - Скопје, и подрачјата кои што се познати по таа работа дека сеуште се преплавени со цигари и со друга акцизна стока. Сметам дека сето ова има влезено некако преку граница, не е влезено од вселената, па да паднало директно тука, или преку некои канали се произведува во Република Македонија, па се пласира на овие подрачја кои што на сите нас ни се познати. Сметам дека државата малку има направено во овој дел, посебно во делот на спречување на шверцот со стоките кои носат огромен приход на државата, како што се цигарите.

Во делот на персоналниот данок, исто така е јасно дека, еве и бројките го говорат тоа, ние од година во година имаме се помалку вработени луѓе во државата. Затоа е и падот на приходот од персонален данок. Ние ако продолжиме вака ќе одиме се подолу и подолу, и едноставно ќе се доведеме во ситуација кога оваа бројка ќе биде таква што ќе биде занемарлив приходот на Буџетот на Република Македонија.

Мое мислење е дека персоналниот данок на доход треба да претрпи измени и начинот на кој што сега се врши наплата треба да се смени. Треба да се смени самиот закон, бидејќи кај нас знаеме дека имаме една стапка од 15% што важи за сите и тоа не е во ред, а знаеме дека во сите развиени држави побогатите плаќаат повеќе посиромашните помалку. Тоа е нормална работа и треба да биде во зависност од приходите дали на годишно ниво или месечно ниво така и да го наплаќаме. Некаде во зависност од приходите оваа стапка се движи над 40%. Ние ако сакаме да ја потпреме државата на оние богатите кои што успеале да доаѓаат до високи месечни приходи или годишни приходи, а секаде државите се потпираат токму на тие луѓе, ние мораме да го смениме законот за персонален доход. Така, сигурно ќе оствaруваме поголеми приходи во Буџетот на Република Македонија, кои ќе можеме да ги вратиме назад и да ги инвестираме во стопанството.

Данокот на добивка е исто така нормална работа. Една од причините е онаа што ја спомна министерот со Законот кој што го донесовме за измена на данокот од добивка кога рековме дека инвестициите до 250 илјади евра ќе бидат ослободени од плаќање на данок од добивка, но и факт е дека и тие фирми кои што работеа со поголеми добивки во изминатата година веќе не можат да се пофалат со добри добивки, бидејќи во Македонија се потешко се работи бизнис. Се потешко можат стопанските субјекти да се надеваат на добивка и да остваруваат некои добивки на кои што би платиле данок. Тоа е така, а најголем проблем на фирмите е сега како да си ги покријат основните трошоци за да опстојат.

Тоа се се показатели дека во државата не ни е како што треба. Не само што не ни е како што треба туку одиме многу надолу. Незнам која е таа последната точка која што треба да ја постигнеме кога ќе кажеме дека сме стигнале до дното или кое е тоа дно. Факт е дека ние сме држава, можеби единствена од сите земји во транзиција која што сеуште оди надолу. Сите други земји во транзиција, дали земјите од Балканскиот полуостров, од соседството или пак од Источниот блок, остваруваат многу голем раст. На некои земји растот оди до 8% и дури и надминува. Ние сеуште одиме долу, иако слободно можеме да кажеме дека поголем дел од тие земји кога почна транзицијата бевме во могу подобра состојба. Имавме многу подобра позиција и многу подобро стопанство кое што беше пример, за launched речеме за една Бугарија, знаеме како се живееше во Бугарија во 1990 година, а како се живееше во Македонија во таа година А, знаеме и сега како е во Бугарија, како е во Македонија. Не треба да се биде голем економист за да се с ватат тие работи, да се

свати дека во Македонија во изминатите 14 години се работи лошо. тоа е така, а ние ништо не преземаме за да се смени тоа. Дали не сакаме да го напрвиме тоа. Јас сум сигурен дека знаеме како треба. Изгледа нешто намерно се работи оваа држава се повеќе и повеќе да пропаѓа на економски план.

Интересен податок е исто така како посебна анализа може да се види од продажбата на капиталните средства, да имаме раст од 800 милиони денари. Јас и во една друга прилика реков дека, што ќе се случи кога ќе немаме што да продаваме. Еве, ние сега уште продаваме и имаме некои околу 3 милијарди денари приходи од продажба на капиталните средства. Еве, догодина ќе го продадеме делот од Електростопанство и пак ќе земеме нешто пари. Кога државата едноставо ќе нема што да продава ќе ги изгуби овие приходи од продажбата на капиталните средства, а тие се доста значителен дел во проценти.Еве, сега околу 6% некаде приходи во Буџетот. Што ќе се случи ког ќе ги немаме тие пари? Дали тогаш ќе ги намалиме пензиите? Пензионерите ќе немаат пензии. Дали социјалата ќе ја укинеме, дали администацијата државна нема да зема плата и нешто ќе мора да се случи. Тоа е многу блиска иднина и ако продолжиме на овој начин ќе се доведеме едноставно во ситуација државата не само да нема да може да финансира и да враќа средства во стопанството или некакви инветсиции, туку нема да може да си ги врши основните функции, бидејќи нема да има платежна способност.

Исто така, интересни се донациите од странство. Гледаме дека имаме пад за една милијарда, а од друга страна имаме зголемување кон задолжувањето во странство. Ова се исто интересни работи. Една од работиет на Владата како добар менаџер е да обезбедува добри донации за државата. Тоа е еднод улогите на Владата и на Министерствата. Донации, кои што се неповратни средства и кои влегуваат во државата како некои инвестиции во инфраструктурата или во други делови. Тие донации треба да го поттикнат развојот на државата. Тоа се неповратни средства кои што не се враќаат. И можат да се обезбедат како одредени финансиски институции, само треба поголема активност во таа насока. Едноставо, ние изгледа многју малку работиме во тој дел и многу малку пари се обезбедени како донацијај во Република Македонија. Тоа се работи кои покажуваат дека времето се губи на некои други работи во државата, многу малку се грижиме за она Што значи развој на државата и се бориме за што подобро место во Европа, па и во светот. Инаку, декларативно устите ни се полни со ЕУ, и со НАТО. Дека вратите ни се отворени ама референдумоќне спречи да влеземе таму. Бројките кажуваат дек токму ова ќе не

спречи да влеземе во ЕУ. Ова е единствен пат кој што го имаме како земја во транзиција споредена со другите  земји во транзиција кои што многу брзо се развиваат, бидејќи тие пропаднаа и тргнаа напред. Ние сеуште пропаѓаме и после 14 години.

Инаку, сакам неколку зборови да кажам и за расходите, кои што сметам дека се еден и од главните фактори кои што влијаат на развојот на државата. Дали ние како држава ќе се грижиме за парите кои што доаѓаат од граѓаните да успееме така да ги потрошиме што тие пари еден голем дел да се вратат кај самите граѓани во самото стопанство. Тоа во оваа огидна е направено многу лошо. Дури и она што како малку пари беше предвидено како инвестиција во инфраструктурата и тие не успеавме да ги реализираме. Некои викаат дека лош е законот за јавни набавки. Тој закон се донесе во овој парламент, во ова Собрание, не ниго донесоа во Австралија, или во некоја друга земја. Тука го донесовме, тука го усвоивме.

Сметам дека нема оправдување за таква работа и тука треба а се понесе одговорност. Луѓето кои што не ги реализирале парите кои што беа одобрени односно министерствата, треба да си понесат одговорност зошто тие пари не се пласирани односно не се потрошени за својата намена, туку останале во Буџетот на Република Македонија.

Втората работа, јас во една прилика зборував, се наоѓа во Министерството за економија.

Ние имаме пари кои ги определивме со Буџетот, пари кои беа наменети за развој на стопанството. Тие пари, ако добро се сеќавам беа околу 500 милиони денари, дури се велеше дека има и други пари кои не се прикажани во буџетот а ќе се финансираат во стопанството. Јас реков дека тоа е лошо решение да се пласираат пари во стопанството преку некоја медиумска кампања, или преку посети на саеми што во последните години го правиме офанзивно. Имено едни исти фирми си одат по саеми и таму се трошат државни пари а никоај фајда немаме од тоа. Ние немаме работни места во Република Македонија, немаме капацитети. Тоа е она што не кочи. Новите капацитети кои би се изградиле тие ќе ги исполнат сите стандарди кои важат за да се извезува и во ЕУ и во други земји од СТО. Значи на нас ни требаат слободни пари во државата со кои би направиле фонд за инвестиции, посебно за неразвиените подрачја, каде што, како што во една друга прилика реков, можеби со процвенти 50 со 50, или некој друг процент што ќе се определи, да биде

инверстиција во државата и од претприемачот кој ќе вработува и ќе има производ кој ќе биде конкурентен на светскиот Пазар. Ние тоа или несакаме да го слушнеме или несакаме да го направиме. Додека тоа не го направиме нема да имаме нови работни места, едноставно ние нема да инвестиции во стопанството и нема да имаме конкурентно стопанство. Тоа е така во сите држави во светот, мора и кај нас да биде. Ние не сме најпаментни. Погледнете, сите држави имаат инвестициони фондови што ги пласираат во стопанството, преку програма за инвестиции во неразвиени подрачја. Тоа не се програми за изградба на патишта, или довод на електрична енергија, или водоводи. Тоа се програми за изградба на фабрики, на производни капацитети. Се надевам дека конечно во 2005 година ќе видиме еден предлог во Собранието, во буџетот за 2005 година, така што ќе им дадеме можност на предприемачите да инвестираат со помош на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Стаменков.

Има збор министерот за финансии г-динот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-ѓо потпретседателке, почитувани пратеници,

Дозволете да ја искористам можноста како предлагач секогаш да земам збор, да дадам некои од видувањата за прашања кои г-динот Стаменков ги покрена во своето излагање, пред се за две години. Се разбира дека имаме и други , можеби и бројни разлики во врска со буџетската и фискална политика и економска политика. Затоа е ова плурален Парламент, нема да дебатираме со нив. Меѓутоа две ми се исклучително, едната интересна и едната битна за да можеме да знаеме во кој правец се движиме.

Едното е во врска со персоналниот данок.

Г-дине Стаменков вие сте втор говорник денеска,  втор од опозицијата што го покрена прашањето дека системот на персоналниот данок на доход е така поставен да ги штити, условно кажано , богатите, но не ги напаѓа сиромашните. Имено вие направивте еден лапсус, се надевам дека беше лапсус. Ние имаме две стапки, не една, 15 и 18. Меѓутоа разлика од 3%, ако земеме во пракса што значи, практично и да немаме разлика во персоналецот и дека на тој начин оние кои работејќи земаат поголеми или огромни плати, веќе се наоѓаме во општество во кое платите достигнуваат различни нивоа, вклучувајќи неколку илјади евра, вклучувајќи и плати

од 10 илјади евра, па и повеќе, месечно, во нашето општество, со право го покренувате тоа прашање. Меѓутоа мораме да имаме предвид уште едно.

Тоа што вие го покренавте пред три - четири години беше, имено во минатата Влада стапките од 35%, 28% и 23% се сведоа на 15 и 18%. Јас во тоа време интимно бев противник, гласав за тој закон како опозиционер. Сега се наоѓаме во обратна ситуација. Сега вие го покренувате прашањето. Не го отворам прашањето, сосема е небитно и ве молам и вие ако реплицирате да не го отварате прашањето која Влада го правела. Сосема е небитно. Ајде да гледаме за стварноста во Република Македонија .

Јас сум приврзаник да не ги зголеми овие две стапки на оданочување, меѓутоа, да воведеме трета за личните доходи кои се мерат во четворо цифрени бројки, пресметано во евра, да речеме. Тоа го покрена и г-динот Марјан Ѓорчев, на директен или индиректен начин го соопшти. Владата за ова нема став. Меѓутоа, јас како министер за финансии, лично размислувам и сум приврзаник за воведување на трета повисока категорија на оданочување на персоналниот данок, со стапка која ќе ги зафати оние лични доходи кои во неколку илјади евра се наплаќаат секојдневно и тие луѓе не придонесуваат за општата и јавна потрошувачка во Република Македонија , на начин на кој, еве на пример јас, во овој случај и вие и г-динот Ѓорчев, размислуваме. Тоа прашање јас како министер сериозно го разгледувам, незнам дали ќе дојдам до предлог да го дадам на Влада, сеуште размислувам, за тоа треба консултации пошироко. Можно е. И ќе дојде во Парламентот. Ако дојде, се надевам дека тогаш ќе бидеме на иста линија, затоа што секое покачување на оданочување на било кој во општеството, обично наоѓа на отпор и обично отпорот доаѓа од оние кои се влијателни, а обично највлијателни се тие што имаат највисоки примања во општеството и обично сите ние тука крахираме.

Само ќе дадам пример. Имено за науката само 300 илјади евра се помалку оваа година во буџетот предвидени со ребалансот, отколку што беа со буџетот. За 300 илјади евра неколку пратеници поднесуваат амандмани, 10 битни луѓе од државата кај мене дојдоа на состанок да ме видат, претпоставувам и кај г-динот Положани, бидејќи е негов ресор и нега одлука тоа, уште толку и овде дискутираат и поднесуваат амандмани за 300 илјади евра. Знаете зошто? Затоа што тие 300 илјади евра се точно парите кои завршуваат кај некои 200 - 300 луѓе во оваа држава, не кај двата милиони. Истото ќе се случи и со ова. И вие и јас и Ѓорчев и Владата ако реши и Парламентот ако се реши на овој чекор спремете се да се соочите со тоа

што го наговестувам, затоа што тие луѓе ги контролираат медиумите , тие го контролираат јавното мислење и тие не сакаат да платат повеќе данок за своите пари. А јас сум спремен и ме охрабруваат вашите дискусии во таа насока, па ќе видиме што ќе испадне. Неможам да ветам дека ќе дојдеме до тоа, и такви дискусии мислам дека можеме да водиме ако ништо друго. Не мора 35%. Можеме да размислуваме. Меѓутоа 18% е прениско. Тоа е факт. Лиѓе со осум илјади евра месечен приход на кој плаќаат персонален данок, 18% е прениско.

Би сакал да искоментирам тука, со помал степен на согласност, една друга ваша теза која ја дискутиравте, во вид на, природно, страв кој го имам и јас, што ќе се случи со Република Македонија , со финансирање на јавната потрошувачка кога ќе престанат изворите на финансирање од тоа што е минатото. Да речеме продажба на општествената сопствената сопственост од социјализмот. Има излез од таа ситуација, а тоа е дека ќе престанат и обврските на буџетот за минатото. Тука не треба да бидеме презагрижени, меѓутоа мора многу внимателно целата работа филигрански да ја водиме. Ние се обидуваме во Министерството тоа да го правиме. Ќе дадам неколку примери.

Вие со право зборувате дека ЕСМ од пред некој ден е во процес на приватизација, предприватизација, се надевам после и на приватизација. Тоа се случи со Телеком, ќе се случува и со многу други јавни, а се случи и со општествен капитал . Тие пари делумно придонесуваат за јавната потрошувачка, делумно придонесуваат за девизните резерви кои, еве г-динот Димитров зборуваше и јавноста зборува и други зборуваат,можеби кога ќе дојде 2005 година ќе зборуваме посериозно. На тоа прашање треба да бидеме многу внимателни, кога било што соопштуваме. Девизните резерви и курсот на денарот се една од, по мене, носиечките столбови на можноста воопшто да разговараме за економската политика, на начин на кој разговараме, затоа што еедно изместување таму ќе направи хаос кој никој нема да го помести. Јас се согласувам дека пратеник може да дискутира и да нуди опции, па дури и научни работници и јавноста, меѓутоа ,многу е тешко министер, или пак гувернер, или премиер да влезе во такви дискусии и многу лесно да го коментира тоа. Ние сега имаме стабилен курс на денарот и тој ќе остане. Стабилниот курс на денарот, покрај другото ги диктира и трошоците на јавната потрошувачка. Ние во овој момент имаме само за отплата само на домашни обврзници што сите се деноминирани при издавањето во евра, камати и главнината, до 2014 година кога истекува последната од досега издадените 600 милиони евра.

Претворете го тоа во милијарди, пробајте тука со курсот 1%, 2% да заиграте, ќе видите што тоа значи, што тоа значи за трговскиот дефицит. На 1% зголемување на курсот нашиот трговски дефицит се зголемува повеќе одколку што е итн. Се разбира има и позитивни работи, затоа треба да бидеме многу претпазливи кога нудиме една политика. Ние нема да ја понудиме политиката пред целата матрица на тој проблем да ја согледаме, со влезот и излезот и на економијата и на јавната економија, затоа што неможеме да кажеме, да помогнеме кај едно, да ја распаднеме јавната економија, а таа повратено ќе го распадне и приватниот сектор, или обратно. Затоа тука сме многу претпазливи. Дури апелирам на колеги од Владата во јавноста да бидат многу претпазливи кога даваат изјави за тоа како се формираат девизните резерви и како со нив ракуваме, затоа што тоа се опасни изјави за граѓаните кога гледаат официјални лица, со прилично лаички изјави за девизните резерви на Република Македонија.

Зошто ви велам дека ќе ги снемаме и расходите, кога ќе ги снемаме и приходите. Ќе дадам само три примери.

Јас сега ви соопштив колкава е нето обврската на Република Македонија со состојба од 1 октомврти оваа година по домашни издадени обврзници номинирани во евра со каматите до 2014 година. Тоа се точно 599.784.000.- или 600 милиони. 600 милиони по 60, колку што е сега курсот, тоа се 36 милијарди денари обврски кои ние треба да ги сервисираме на минатото. Го наплаќаме ЕСМ, ги наплаќаме и другите, меѓутоа со нив ги финансираме санацијата на банките што останаа исто така наследство од социјализмот несанирани, приватизацијата на Стопанска банка, девизните штедни влогови кои ги сервисираме , денационализацијата, веќе трета обврзница, оваа година ќе одиме и со четврта обврзница, кои се товар на минатото. Кога ќе престанат приливите, ќе престанат и одливите по намената, исправање на минатото.

Втората работа се структурните реформи на т.н. поранешни загубари, системот 23 претпријатија од кои секој за себе беше голем систем од минатото што ние го сервисираме со овие приходи, одпремнини, пензиски придонеси и здравствено осигурување, социјални фондови на Заводот за вработување, преобука, ново вработување итн, па дури ако сакате директно ние ги отплаќаме како Република Македонија странските долгови на сите овие остатоци од минатото кои преку Парискиот и Лондоскиот клуб ги сервисираме директно од Буџетот на Република Македонија и од девизните резерви, затоа што тие неможат да ги

сервисираат, а сме ги издале гаранциите. Значи во исто време кога го наплаќаме нивниот имот во Буџетот, или во девизните резерви што е приход на буџетот кои се на сметки во Народната банка, девизни, како сметки, депозити на Буџетот кои, еден ден ако повлечеме депозити со дефицитот, ќе влезат во Буџетот, исто така го сервисираме и нивниот долг кон странство. Не е добро да спомнуваме претпријатија, меѓутоа општо е познато, скоро сите претпијатија во металната дејност кои ги продадовме, пожарската дејност, текситлната дејност. Паризкиот и Лондонскиот клуб се стотици милиони долари кои ние ги сервисираме како гаранции, вклучувајќи го и банкарскиот сектор кој тие не го плаќаат. Тогаш, кога ќе ги отплатиме нив, ќе престанат и приходите од продажбата односно тоа го балансираме. Тука треба , се согласувам со вас во тој дел да имаме прашање, меѓутоа ако добро работиме, ако не направиме дополнителни киксеви, на пример јас лично мислам дека ние во процесот на издавање на обврзници отидовме предалеку. Обврзниците за старото девизно штедење ги издадовме на прекраток рок, само 10 години, во тоа време марки, беа една милијарда, сега се евра, 500 милиони. Тоа значи 50 милиони без каматите и плус дадовме 2% камата. Сите други држави во екс Југославија или на 15 години, или без камата, или на 10 години, пет години без камата. 2% на една милијарда се голем товар за буџетот. Ние многу галантно одевме. Да не ме сватите погрешно тоа го направи претходната Влада. Не ја критикувам, меѓутоа ништо од тоа не добиваме. На крајот на краиштата и ги изгуби изборите претходната Влада. Значи не само што се прави штета на јавните пари, туку и не го добива изборниот процес, што значи таквото додворување треба да го напуштиме. И за мене тоа важи од сега натаму и затоа поригорозно се однесувам кон тоа. Ако ги изгубиме изборите, ќе ги изгубиме заради 100 други работи, не заради овие работи. Значи дека треба многу внимателно и претпазливо да се движиме со јавните приходи и расходи, кога креираме да бидеме претпазливи. Еве оваа седница денес имаме еден нов закон кој, пратениците кои го предлагаат, во првата фаза имаше мислење од Владата, во втората фаза законот е истиот, не го прифатија мислењето на Владата во врска со финансирањето на политичките партии. Го предложија во втора фаза со истите зафаќања од Буџетот, и од централниот и од локалниот. Г-да пратеници сега е пред вас одлуката. Ние имаме пак негативно мислење. Меѓутоа ние неможеме да влијаеме . Само знам дека на централниот Буџет се 50 милиони денари годишно, што досега немало. За еден мандат се 200 милиони денари и плус на локално ниво истата сума,

пропорционално. Ако локалното ниво е една третина од централното ниво, на локално ниво уште 15 до 16 годишно односно  60 милиони за еден мандат, околу 250 до 300 милиони плус од досегашните трошоци за финансирање на политичките партии. Тоа го вика нашиот закон. Ние имавме некои други согледувања, ги дадовме, не се уважија. Незнам што ќе направите. Меѓутоа, тие 300 милиони не се креираат. Тие ќе се прераспределат, па после Ќахил ќе се буни за некоја 100-тина иљади евра во наука, Ангел за некоја 100-тина иљада евра во незнам што, Марјан за земјоделието, Каролина за европските интеграции и ќе мора да се најдат. Мораме да бидеме многу претпазливи. Затоа ние се трудиме тоа да го иницираме и контролираме. Во врска со приходите пак нема друго, освен да бидат буџетски приходи, се враќаме на почетокот, затоа што Буџетот ги презеде сите обврски. Ние сега на пример имаме банкарски ситем исчистен од сите долгови, а банките имаат високи плати, банките имаат високи добивки и доходи, делат дивиденди. Меѓутоа тие исти банки, една милијарда старо девизно штедење го зедовме на грбот на Буџетот. Ги ослободивме од тоа, приходите им останаа а обврските ги презедовме. Во процесот на санација на банкарскиот систем со Лондонскиот и Парискиот клуб, го направивме истото, кај претпријатијата истото. Дозволете, ако веќе се презедовме, денационализацијата исто така, ако веќе преземала државата на себе, по пат на обврзници, домашни и странски, тогаш дозволете и приходот од нивниот имот да биде на државата за да можеме тоа да го сервисираме. Таа политика тешко можеме да ја промениме. Ние на пример идната 2005 година имаме околу 5,5 милијарди денари обврска која сме ја немале пред 6-7 години. Тоа е рата од 6-те обврзници домашни, кои ги имаме издадено во овој момент од санација на Стопанска банка, обврзници за кредитите, за девизните влогови, за приватизација на Стопанска банка и трите обврзници за денационализација, догодина уште и четвртата од 2004 година. Тоа мора да се сервисира и сега кога ќе дојде буџетот сите ќе бараме намени, меѓутоа ние претходно ги двоиме, обврските на државата се фиксни, тие ќе ги одвоиме на страна, а за нив ќе треба цел персонален данок да го пренасочиме само да ги сервисираме обврзниците, па после да размислуваме натаму. И кога ќе дојдете во ситуација, буџетот од 100%, 15% е политика на Парламентот и на Владата, во меѓусебната законска комуникација што ќе определи, другот е веќе однапред одредено.

Тие обврзници нам ни се до 2014 година со променливо салдо, што после 2010 година постепено почнува да опаѓа, меѓутоа тоа веќе не можеме да го промениме, тие обврзници се издадени. Можеме да менаџираме со нив, со јавниот долг, да ги откупиме, да ги репласираме, да ги откупуваме однапред ако имаме суфицит, меѓутоа, од тоа нема бегања. Затоа, по тоа прашање не треба да бидеме толку страшливи, меѓутоа, треба да бидеме цврсти дека тие приходи се приходи на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

За збор е пријавен сега господинот Џевдет Насуфи, а нека се подготви пратеникот Љубчо Ѓорѓиевски потоа.

Повелете господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседател, дами и господа пратеници, почитуван министер,

Ова беше второ излагање на господинот министер. Мене така ми се виде како негово второ излагање и немам ништо против тоа, напротив, тоа е од корист. Но јас би бил посреќен доколку говореше за аспектите и евентуалните можности за економски развој на земјата и истиот да оди напред, кој на крајот а краиштата го детерминира и фискалната политика, и монетарната политика и многу други работи кои се однесуваат на Буџетот.

Забележав во излагањето на господинот министер една децидна констатација. Условно речено, бидејќи не барате други образложенија во падот на приходите, покрај во либерализацијата на пазарот. Јас не мислам дека ова може да биде единствената причина. Тоа може да биде причина, но сигурно дека не е единствена причина. Не треба да живееме во илузии дека земјата е ослободена од корупција, дека земјата е ослободена од сива економија. Моја констатација како пратеник при анализата на буџетите и ребалансите, а ова посебно се забележува во излагањето на господинот Поповски, е дека е карактеристика за извонредната грижа на заштедите на Буџетот и на средствата од Буџетот. Ова е позитивна страна, но јас поставувам уште едно прагматично прашање. Имено, која земја во светот се развива и е развиена преку заштеди, преку штедење. Ова го говорам и од лично искуство. На крајот на краиштата, Македонија е една земја во транзиција, таа е неразвиена земја и објект на наша расправа треба да бидат причините за развој, незаборавајќи ги и другите елементи за кои говоревме. Но самиот овој  факт на првата страница во

првиот член говори за еден пад  на производството и според мое размислување, велам за жал, земјата со економскиот пад и падот во развојот влегува во еден период на економска рецесија. Доколку вака продолжиме со економскиот развој, мислам дека треба и официјално  тоа да го признаеме еден ден. Зошто го велам ова? Затоа што денес доколку направиме една сондажа, една анкета, говорам од мое искуство, можеби 30% од земјоделците во Македонија во овој момент не се во состојба да обезбедат услови за есенската сеидба. Вие знаете дека степенот на ликвидноста во економијата, по мое мислење, во последната деценија, е премногу мал. За жал, наместо да се намалува невработеноста, имаме зголемување на невработеноста. Ирелевантен е бројот што ни се дава, бидејќи на крајот на краиштата со статистичките бројки не се менува реалната состојба, не се менува состојбата и со тоа што излезе еден статистички податок, потоа се направија кадровски промени, но тие состојбата не ја менуваат. На тоа сме сите сведоци. Говорам за Државниот завод за статистика, за инвестиционите активности кои за жал се мали. Тие се премали. Позитивна компонента е тоа што министерот бели дека банките ги намалија каматните стапки од 17% на 16%, на 12%, но при едно вакво стопанство и за 12% не можеме со гордост да кажеме дека е поволна стапка. Ова стопанство не може да издржи ниту 12% годишна камата. Врз овие елементи ја засновам констатацијата што ја изнесов дека полека земјата влегува во рецесија. Не би сакал да правам длабоки анализи во однос на ребалансот,  не е карактеристично ребалансите да се прават со вакви мотивации доколку се размислува само за референдумот, наместо ребалансот да биде за поделба на еден суфицит на зголемените приходи, напротив, ние правиме ребаланс на недостиг на средства, што никаде не е практика. Не можам да се повикам ниту на една професионална надлежност во однос на анализата на стапките, но се гледа дека и внатрешната поделба на тоа што е заеднички колач не е направена во ред. Не се само 300 илјади евра во прашање. Ние имаме случај на зголемување на Буџетот во Секторот за внатрешни работи предност треба да дадеме на крајот на краиштата и на културата и на образованието и на науката, но за жал, развојната компонента на Буџетот - ние имаме народна изрека која вели “на крајот од кавалот”, при недостиг на други инвестициони извори Буџетот треба да ја одигра улогата на развојната компонента во земјата на стопанството колку што е можно, а не сега да го зголемиме Буџетот на Министерството за внатрешни работи. Ќе ви кажам и друго. Не може да се имагинира во една земја во која има големи развојни диспропорции, и географски и

регионални, Фондот е традиционален уште од времето на поранешна Југославија и во суштина има добра функција. Фондот за неразвиените подрачја сакам да го спомнам не за да ја фалам Владата или за да критикувам друга влада, но во времето кога бев и јас во Владата тој фонд изнесуваше и 700-800 милиони, а сега одвај 200-300 милиони денари. Средствата од тој фонд најдобро и непосредно ги почувствуваа самите граѓани на Република Македонија, бидејќи тие обично одат со селска инфраструктура, со градска инфраструктура, со инфраструктура каде што се согледуваат позитивните ефекти од овие средства. Тука нема добро разбирање. Или да јаземеме другата компонента. Ние се соочуваме со една многу голема критика од судството и таа се етикетира, можеби со право или без право, како еден од најголемите дефекти во системот и за членство во ЕУ и повторно таму немаме движење на самиот буџет. Овие работи ги спомнав од причина што и во внатрешната поделба не се води голема грижа.

На крајот, сакам да се осврнам на компонентата во Буџетот во функција на остварување на националната рамноправност. Ве молам, за да се оствари компонентата на Охридскиот рамковен договор, иако тука не е нагласено кажано, меѓу редови треба да прочитаме дека при поделбата на средствата и користењето на средствата треба да се почитува еден сооднос со кој и албанците и регионите и подрачјата во кои живеат албанците ќе ги искористат средствата кои ги поседува Буџетот како јавни средства. Во овој случај не можам да го имагинирам тоа дека го основавме Секторот за култура за зближување на албанската култура во Министерството за култура, понатаму Секторот згрижување на образованието на албанците во Министерството за образование и сите тие беа во функција на тоа средствата кои се издвојуваат за развојот и користењето, давањето услуги на државата и на корисниците, ова да биде што потранспарентно и да биде во согласност на тоа што го нарекуваме национална рамноправност во Македонија, а јас тоа не можам да го увидам. Ќе земам еден банален пример, можеби трошоците за Охридско лето за една година се во таа мерка што за албанската култура не се издвојуваат ниту за 10 години. Истовремено ќе го спомнам и прашањето по однос на боразованието. Ваквиот начин на создавање на Буџетот и ребалансот, бидејќи се оди со еден модел и една техника при што многу тешко може да се согледаат ефектите кои можат и треба да се постигнат во областа на рамноправноста. Издвоивме средства за “Зеф Љуш Марку”, но еве две години никаде не се гледаат во гимназијата во Скопје. Ниту со ребалансот од минатата година нешто се направи

во таа гимназија. Никој не знае каде се тие средства. Се издвоија средства за Третиот канал на МТВ на албански јазик и никој не знае каде отидоа тие средства. Се издвоија средства за канализации и други работи и никој не знае каде се овие средства. Затоа, што се однесува до рамноправноста и поделбата на средствата да се направи на соодветен начин и врз етничка основа е еден значаен предуслов Македонија да го постигне тоа што го нарекуваме политика за вклучување во Европа и евроатланските интеграции.

Во чест на овие недостатоци, кои за жал се евидентни бидејќи како во областа на сценската уметност, во областа на музеите, творештвото, пишаното творештво, музичката уметност, албанците средствата од Буџетот ги користат со една таква ставка која за жал не надминува ниту 1 - 2%, а можеби некаде 3%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Повелете господине Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само едно појаснување, затоа што може да се стекне погрешен впечаток. Не се зголеми расходите на Министерството за внатрешни работи, иако во Буџетот ќе видите дека расходите се драстично зголемени, меѓутоа тоа се должи на политиката на Владата да го трансферира граничното обезбедување од Армијата во граничната полиција во рамки на МВР. Тој трансфер подразбира трансфер на објектите, на надлежностите и на вработените. Тоа се огромни трошоци кои од Министерството за одбрана сега се селат во МВР и ако го видите Разделот на Министерството за одбрана тие средства сега се сериозно намалени, така што тука нема нето зголемување на нечија друга штета, туку е во рамки на безбедносната концепција и колку што знам тоа впрочем Парламентот со закон го одобри, така што нема зголемување и да не дојде до погрешно толкување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Насуфи контра реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Тоа го зедов како пример, за жал, тој е евидентен во ребалансот и во вашето образложение господине министре никаде не го спомнавте тоа. Добро е што го спомнавте сега, но ова не значи дека држи и е токму така како што кажавте вие, но има и други ставки и потставки во Буџетот за кои треба да се направат корекции. Меѓутоа, третиот аспект кој го нагласив вие не го спомнавте. Мислам дека и за тој

аспект господине министре треба да дадете образложение, а не само во врска со МВР.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски, бидејќи господинот Ѓорѓиевски не е присутен, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван господине претседател, дами и господа пратеници, министри и претставници на Министерството за финансии,

На почетокот би сакал да кажам дека мојата дискусија е повеќе дилеми и размислувања во однос на одредени прашања поврзани со Предлогот за дополнување на Буџетот, како што обично велиме ребалансот на Буџетот и со оглед на тоа што како пратеници навистина не располагаме со доста потребни информации и бројки кои ни се потребни за да можеме да дадеме поцелосна слика, затоа се случува во нашата расправа во врска со ова прашање често пати имаме, да не бидам премногу груб но можам да кажам и големи недоразбирања и на крајот може да се заклучи дека не се разбира доволно оваа проблематика која е една од најбитните во расправата на Парламентот. Очигледно е дека, како што започна денешната расправа, ребалансот на Буџетот предизвика интерес во нашата расправа, што е нормално во секоја држава со развиена демографија, бидејќи по прашањето на Буџетот и ребалансот на Буџетот голем број на влади го доживеале својот пад.

Како што гледам сега опаѓа атмосферата, неколку дискутанти кои беа пријавени пред мене се откажаа, јас по редоследот требаше да дојдам во текот на утрешниот ден, но не е проблем. Изгледа дискутантите од опозицијата кои што се откажаа сметаат дека Владата предложи добар ребаланс на Буџетот и дека немаат што да дискутираат. Еве, ќе ве инспирирам да дискутирате по однос на ова прашање. Реков дека во секој Парламент ова прашање предизвикува посебно внимание, се разбира и кај нас, но мора да признаеме она што е карактеристично за Буџетот и ребалансот, ако не во нешто друго, барем по однос на едно прашање се приближуваме кон земјите со развиена демократија, тоа е прашањето на транспарентност, рационалност и отчетност на трошењето и прибирањето на државните пари, или како што наједноставно велиме, парите на граѓаните. И на овој план навистина, иако не сум од тие што милува да ја фали Владата, но на овој план навистина за овие две години можеме да кажеме позитивни елементи во

прибирањето и трошењето на парите од граѓаните. Но, кога расправаме за Буџетот според мое мислење битни се три аспекти на кои што накратко би се задржал во оваа расправа, тоа е пред се фискалниот аспект на предложениот ребаланс на Буџетот, односно приходите и расходите. Вториот аспект е поврзаноста на Буџетот и макроекономската политика и третиот аспект е рефлексиите на Буџетот и макроекономската политика врз севкупната економска состојба во Република Македонија.

Кога зборуваме за првиот аспект, односно фискалниот аспект на ребалансот, мораме да појдеме од еден факт дека во секоја држава, па и во нашата држава големината на Буџетот ќе биде толкава колку што е адекватна на степенот на економскиот развој на одредена држава. Нашите желби можат да бидат најразлични, сигурно дека секој сакаме во делот на расходите да бидат поголеми и да се задоволуваат одредени интереси на одредени граѓани и одредени структури, но сепак на крајот мораме да кажеме дека степенот на економски развој во одредена држава и во Република Македонија ја одредува и големината и висината на Буџетот. Поаѓајки од тој аспект на фискалната политика во Република Македонија можеме да кажеме дека е доста позитивен трендот за намалувањето на учеството на Буџетот на Република Македонија, односно неговото процентуално учество во бруто домашниот производ и гледаме од година во година тоа го намалуваме, или во најмала рака се задржува на исто ниво. И тоа колку и да сака некој да го оспорува, навистина за тоа има цврсти аргументи.

Со оглед на тоа што министерот за финансии и дел од дискутантите зборуваа по однос на одредени прашања за приходната страна на ребалансот, би се задржал само на еден дел и она што беше најгорливо и во расправата на Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на Република Македонија, како и во Комисијата за економски прашања, тоа се намалените приходи, односно намалените проектирани приходи до крајот на годината кои што се по однос на персонален данок, приходите од акцизи и увозните давачки, или царините.

Би го кажал своето мислење само за еден дел од овие приходи, тоа е прашањето кое што предизвика најголемо внимание, а тоа е прашањето за намалените приходи по основ на царини. И минситерот за тоа зборуваше, но само би надополнил нешто. Во Комисијата за економски прашања во Собранието на Република Македонија и во Комисијата за финансирање и буџет барем се настојуваше со оглед на тоа што на едната Комисија министерот и заменикот

оправдано беа отсутни, се наметнуваше, или сакаше да се наметне мислењето дека намалените приходи по основ на царини се резултат на шверц и недозволена трговија во Република Македонија. Но, сметам дека таквите тврдења и таквите анализи кои што поединци ги направиле, не држат место само од една едноставна причина. Ако добро се погледа зголемен е увозот во Република Македонија, зборувам за регистрираниот увоз во Република Македонија. Што значи, ако од тој аспект гледате, значи покажува дека е многу повеќе зголемена дисциплината и од тој аспект можеме да сметаме дека зголемениот увоз е резултат на спречувањето на шверцот во Република Македонија. И од тој аспект навистина ќе дојдеме до спротивен ефект напротив дека во Република Македонија имаме резултат на подобрување на тој план. Но, да не бидам јас тој кој што и јас би запливал во тие води без некои релевантни показатели да давам свое одредено мислење. Би замолил пред овој Парламент и во јавноста во најскоро време од страна на Царинската управа и на Министерството за финансии да се достави една анализа, покрај она што го објаснуваше министерот, што тоа значи,какво е влијанието на намалената општа царинска стапка која што е во Република Македонија од година во година се намалува, која што беше 14, па 12, сега мислам дека е некаде околу 11, или 10%. И врз основа на таа анализа да ги имаме точните податоци за увозните давачки во Република Македонија.

Вториот аспект во денешнава расправа за Буџетот и макроекономската политика е доволно зборувано. Но, само едно би рекол, дека кога зборуваме за макроекономската политика и монетарната политика, ние не смееме да ги затвориме очите, дека барем на овој план ги имаме позитивните резултати во Република Македонија и еден од главните услови за водење на било каква позитивна насока во развојот на Република Македонија.

И би завршил со фискалниот аспект кој што овде никој не сака да го спомене. Во делот на расходите се спомна дека се намалени издатоците за наука и за неколку други области, но истовремено не се спомнува и еден факт дека можеби оваа е првата Влада која што предвидува и драстично намалување од својата ставка од функционирањето на своите органи и институции како што е ставката за конацелариски мебел и опрема која што е намалена според овој нов предлог кој што го имаме за повеќе од 300 милиони денари. Тоа е едниот дел на кој што би сакал конкретно за Буџетот да го изнесам своето мислење.

Би сакал да кажам неколку свои размислувања по однос на едно прашање кое што во последно време се повеќе се актуелизира како овде во Собранието од одредени пратеници, така и од одредени експерти кои што излегуваат во јавноста, односно тоа е прашањето на немањето позитивна бизнис клима во Република Македонија. Јас сакам да кажам дека имам впечаток дека се повеќе и повеќе оваа тематика во Република Македонија и одредени политички партии и одредени експерти ја обработуваат само од својот политички аспект без притоа суштински да се навлезе во анализа на состојбата и од друга страна да се предложат адекватни чекори за надминување на таквата состојба како што тие самите ја анализираат во јавноста. Ќе ви кажам само еден пример. Еден од креаторите на економската политика во ВМРО-ДПМНЕ во јавноста излезе со еден став и предлага дека може да се надмине таквата негативна бизнис клима во Република Македонија, како пример ја наведува Унгарија и им предлага на нашите стоматолози да отвореле стоматолошки ординации спрема границата со Грција и на таков начин ќе се привлечеле голем број на корисници од соседна Грција и би се подобрила состојбата, на пример еве како би се развил еден приватен бизнис. Сето тоа е добро што тој креатор на економската политика во ВМРО-ДПМНЕ ја предлага, ама човекот задоцнил десетина години. Бидејки доаѓам од едно такво подрачје Битола кое што е на десетина километри од грчката граница, ќе му кажам дека пред 10 години се отворени таквите стоматолошки ординации, не требаше да чека некој од државата да му кажува на кој начин да се организираат и како да работат. Ова гокажувам само како еден пример колку со едни такви анализи површни може негативно да се влијае на состојбата во Република Македонија. И затоа се согласувам дека за ова прашање треба да разговараме, но треба да го отвориме прашањето и да дефинираме прво кои се тие фактори кои што влијаат на економската состојба во Република Македонија, точно да дефинираме кои се слабите точки, или проблеми и теоретски се согласувам, но и практично и да дефинираме кои се субјектите кои треба да направат промени и кои се тие потребни промени за надминување на постоечката состојба. Ова го поставувам од едноставна причина, бидјеки се создаде еден впечаток дека за се што нема да успееме во животот, за се ни е виновна државата и државната управа. Така што можеме да чуеме дека одредени стопански субејкти се жалат дека не можат да ги пласираат своите производи во странство, биле неконкурентни заради тоа што биле со застарена технологија. Па господа, за тоа може секој да биде виновен, но најмалку

за тоа може да биде виновна државата. Ние имаме можеби одредени проблеми кои што произлегуваат од нефункционирање на административните органи во Република Македонија, ако можеме државата да ја критикуваме за одредени спорости во одредени процедури на пример како што е издавање на решение и ред други работи, но во ниеден случај ние не можеме да ја критикуваме државата заради тоа што не сме создале производ кој што ќе биде конкурентен на меѓународниот пазар и така ќе можеме да се носиме со производите на одредени конкуренти со кои што се соочуваме на тој пазар.

Кога зборуваме за таа негативна или позитивна бизнис клима, ние не можеме да зборуваме а да не признаеме едно, дека со монетарната политика која што се водеше во Република Македонија во изминатиов период посебно овие две години доведовме до намалување на каматните стапки иако за тоа можеме да зборуваме дека сеуште има можности дека во однос на одредени каматни стапки кои што се на одредени странски банки се повисоки, но сепак од друга страна не можеме да го негираме позитивниот ефект на тој план. Ќе ви кажам само како еден пример. Благајничките записи кај Народна банка на Република Македонија во јули и август 2001 година биле со каматна стапка од 20%, јуни-јули 2002 година 13%, октомври 2002 година 12,69%. Сега се со 8%. Некои денес и тоа го критикуваат и сметаат дека и таа каматна стапка е голема. Не зборувам за да споредувам, еве кога вие бевте вака беше, па сега е вака и во таа смисла, туку сакам да укажам на позитивниот тренд во таа насока и има позитивно влијание. Она што го зборуваше министерот и кое што го добивме со материјалите за денешната седница, навистина се несватливи некои податоци кои што ги имаме како стварност во Република Македонија. Од една страна имаме зголемување на вложувањата во машини и опрема, имаме зголемвуање на извозот на домашни производи, а од друга страна имаме намалување на производството во Република Македонија.  Да не носиме предвремени заклучоци, но навистина тоа мора да се проанализира, зошто ни се појавуваат тие диспропорции, бидејки необјасниви се економски и теоретски ако ги разгледуваме.

По однос на ова би завршил со следново. Навистина е несватливо, ако државата е виновна за негативната бизнис клима, треба да се каже, дали државата ги зголеми даноците. Ние освен на репроматеријалите за земјоделското производство каква , таква стапка од еден процентен поен од 19% ДДВ, на 18% е намалено. Каматните стапки се намалени. Ослободувањата од данок на добивка во

текот на минатата и оваа година ги имаме, ослободувањата по однос на инвестирани средства ги имаме и тие. И навистина на крајот ќе дојдеме до еден можеби велам да не биде мојот погрешен заклучок, дека во оваа држава најголем проблем ни се политичките проблеми и една од главните причини со кои што ние ги бркаме би рекол инвеститорите од нашата држава.

Би сакал да се задржам на она што беше досега дискутирано, затоа што навистина ми е несватливо. Некои колеги зборуваат, просто да се чудиш, за се критикуваат во минатото и како да заборавaат дека биле или тие лично, или нивни претставници од партијата министри, директори на јавни претпријатија, биле премиер, и ред други функции и за се се виновни сите други, ама тие ни најмалку не се виновни. Денес слушам, кривицата најверојатно ќе испадне во граѓаните, затоа што се прибира персонален данок помалку, а од друга страна со години издавале бонови наместо за исплата на плати на вработените. Или пак често пати се сака да се каже, ајде да не гледаме наназад, бидјеки тоа поминало. Се согласувам, да не гледаме, но тоа ќе мора да го проанализираме, затоа што последиците од тоа останyваат. Никој не може да каже ако зборувате за сиромаштија во Република Македонија, се согласувам, но никој не може да каже дека за тоа не е виновен претходниот министер за финансии кој што потпишал, тоа е г-динот Груевски потпишал Договор за ексклузивитет на Телеком. И сега ни срам ни перде, излегуваат на прес-конференции и кажуваат дека цените на Телеком се зголемени заради тоа што оваа Влада не знаеле да ја пресметна формулата. Приказни за мали деца. Ајде да одиме и понатаму, кој е виновен за Макпетрол што сега во овој Буџет да предвидиме 4,5 милиони евра. Сигурно е виновен тогашниот директор на Царината и министерот за финансии, бидејки Царината била лош склоп на Министерството за финансии и не презеле никакви мерки. И сега на крајот тоа нема да го платат пратениците, ќе го платат граѓаните на Република Македонија. Но, од таа одговорност не може да се избегне, ниту пак одговорноста што следува од ОКТА, или пак во овој Буџет како составен дел е и Буџетот на пензискиот фонд. Можеби некој забележал, можеби не. За постапките на одредени луѓе во тогашната Управа за јавни приходи, ние сега мора да предвидиме 60 милиони денари да и се вратат на Комерцијална банка како резултат на судска одлука. И од трансферот кој што го имаме до пензискиот фонд од 131 милион кои што се зголемени со предложениот ребаланс, ние сега 60 милиони ќе треба да ги дадеме, да ги вратиме на Комерцијална банка. Затоа кога зборуваме, зборуваме да не се гледа кон минатото,

но за последиците кои што се мора да разговараме и за тоа да се признае дека на таков начин ќе мораме да ги решаваме.

Околу прашањето на парите за овие 800 милиони денари кои што останале непотрошени, јас го кажав својот став и на Комисијата за финансирање и буџет. Не може вината да ја префрлиме кај Министерството за финансии и само тука да ја бараме вината. Се гледа дека голем број на корисници на средства од Буџетот на Република Македонија не успеале добро да ја менаџираат својата работа и не успеале на адекватен начин да ги стават во функција тие финансиски средства. И за тоа не треба, без разлика што во медиумите тоа беше поинаку протолкувано, како и од пратениците од парламентарното мнозинство тоа го критикувале, ја критикувале Владата, тоа ништо не е чудно. И ние како пратеници од парламентарното мнозинство од оние кои што ги избираме по однос на ова прашање треба да побараме одговорност и да видиме кои се причините за неставањето во функција на овие финансиски средства. Се зборува дека тоа е Законот за јавни набавки. Еве, јас како еден од луѓето кој што имал четиригодишно искуство со работење во јавни набавки, можам да ви кажам дека, ако е изговор, тогаш тоа е најмал, или оправдување тогаш Законот за јавни набавки е најмало оправдување, без разлика дали требало 50, 52 дена. Оној што добро ги планира парите посебно буџетските корисници уште од годинава во јануари и февруари точно можат да ги испланираат кои се нивните потреби и како тие финансиски средства ќе ги наменат. И затоа на овој план без разлика како ќе биде протолкувано, сметам дека во Владата на Република Македонија треба да се побара одговорност и причините зошто овие финансиски средства не се искористени. Затоа ние од ЛДП уште кога беше расправата за реконстукција на Владата на Република Македонија предложивме формирање на посебно минситерство за јавни инвестиции без разлика како тоа ќе биде протолкувано. Очигледно е дека голем дел од финансиските средства треба да се сконцентрираат во тоа министерство и на адекватен начин да се менаџираат. Ние имаме ситуација денес во Република Македонија кај буџетските корисници, две, три, министерства да одвојуваат финансиски средства за градење на водоводи. И преку Министерството за транспорт и врски и преку Бирото за недоволно развиени подрачја и преку стимулирање на развојот на селата од Министерството за земјоделие на на крајот од сето тоа ќе нарпавиме една чорба, еден кармакарш на кој што нема крај со крај да му најдеме. И затоа сметам дека формирањето на вакво министерство ќе доведе до средување на состојбите на овој план.

Уште само на едно прашање кое што е предложено во буџетот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски, колку да ве информирам има само уште 6 минути. Во 17,00 часот ја прекинувам седницата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам претседателе, ќе завршам.

Сакам да го прокоментирам прашањето со оглед на тоа што се предвидени зголемување на средства од 564 милиони за трансфер по основ на структурни реформи. И тука се согласувам со министерот кој вели дека одредени работи од минатото мора да изнајдеме начин да ги лекуваме кои ќе не оптоваруваат. Но, од друга страна сметам дека на овој план е потребно една, не би рекол поголема, туку поопсежна контрола.

Ние имаме случаеви господа каде технолошки вишок што едноставно граѓански го зборуваме или трансфер по однос на структурни реформи ги плаќаме луѓето кои истовремено повторно работат во своите фирми. Тоа го гарантирам. Имаме плаќање по основ на технолошки вишок на лице кое после тоа повторно се ангажира од фирмата која го прогласила за технолошки вишок, да работат по основ на договор на дело или по основ на друг начин.

Од порано имаме технолошки вишок кои зедоа по 20-23 илјади денари пред 4-5 години кои се прогласувале од своите приватни фирми, а прифатните фирми продолжиле да работат.

Еве само еден пример ќе ви кажам. Беше актуелно прашањето на “Лозар” - Битола. Постојано ќе го поставувам овде. Пред неколку дена од “Лозар” - Битола за кој вие господа од ВМРО-ДПМНЕ ме нападнавте кога ја поднесов Информацијата 80 работници се прогласени за технолошки вишок. Еве ја таа успешна приватизација која вие ја баравте и велевте дека не се спроведува судската одлука која е една од покриминалните приватизации, ете ја таа и сега ние во овој ребаланс ќе предвидуваме пари за надокнада по основ на структурни реформи или т.н. технолошки вишок за тие вработени.

Затоа сметам дека на тој план надлежните министерства навистина ќе мора да преземат поопсежна контрола за да видиме кој е навистина технолошки вишок. Се согласувам голем број на работници во Република Македонија ги изгубија своите работни места по основ на структурните реформи и за нив ние сме должни

да обезбедиме адекватна социјална заштита. Но, истовремемо мораме да ги контролираме они т.н. фиктивни технолошки вишоци во Република Македонија за кои од парите на граѓаните одвојуваме за нивна надокнада.

На крајот би завршил со тоа што, за жал, уште долго време ако не повеќе барем уште 4-5 години, а можеби и повеќе во Република Македонија ќе расправаме за буџет за кој нема да биде ни по мерка на опозицијата ни по мерка на позицијата ни по мерка на граѓаните заради тоа што економскиот развој на Република Македонија ќе ни дозволува толкав буџет, а од друга страна заради тоа што ќе имаме многу работи од минатото кои ќе мора да ги вметнуваме во буџетот и кои ќе мора ние да ги плаќаме заради грешки на поединци или заради системски решенија, сите тие работи ќе мора понатаму да ги вградуваме во идните буџето во Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи имаме уште две минути до 17,00 часот, максимално да го искористиме времето, немаме три минути за реплика, дозволете ми пред да ја затворам денешната сесија во мое и во ваше име на граѓаните на Република Македонија од исламската вероисповест да им го честитам утрешниот почеток на Рамазанските пости.

Утре во 10,00 часот продолжуваме со седницата.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)